# СОДРЖИНА


*ДИЛЕМА*

- Приходи од договори со купувачите - МСФИ 15...................5

*ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ*

- Регистрација и дерегистрација на ДДВ обврзници и исправки на одбивка........................34

*НЕСТОПАНСТВО*

- Надоместоци од плата кај буџетските корисници согласно законот за извршување на буџетот за 2025 година............................53

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- Национална класификација на дејности НКД рев.2.1...................................................68

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- Коефициент на МДБ за Ноември 2024 година ..................131
- Коефициент на МДБ за Декември 2024 година..................132
- Коефициент на пораст на цените за Ноември 2024 ..........133
- Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2025 година............................................135
- Рокови за поднесување во Февруари 2025 година ...........137

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*........................................141

Прилог: Регистар за 2024 година за Деловни Информации



СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2025

1

# ДИЛЕМА

дипл.економист: Ромео Костадинов

## ПРИХОДИ ОД ДОГОВОРИ СО КУПУВАЧИТЕ - МСФИ 15

***Предизвикот во поглед на видот и износот на приходите, веројатноста за нивното настанување и начинот на известувањето за приходите, отсекогаш претставувал носител на стопанските активности и економскиот интерес.***

### *ВОВЕД*

За обврзниците, кои се во рамките на финансиското известување според МСФИ, од 01 Јануари 2025 година стапи на сила новиот **МСФИ 15** – ПРИХОДИ ОД ДОГОВОРИ СО КУПУВАЧИТЕ.

Стандардот не го применуваат малите и микро субјекти, за кои на сила е оддел 23 од МСФИ за МСЕ.

Овој единствен стандард, поврзан со приходите, заменува неколку досегашни стандарди и толкувања, кои престануваат да важат и тоа:

- МСС 11 - Договори за изградба;
- МСС 18 - Приходи;
- КТМФИ 13 - Програми за лојалност на купувачите;
- КТМФИ 18 - Пренос на имотот од купувачот и
- ПКТ 31 - Приходи – Разменски (непарични) трансакции, кои вклучуваат услуги на рекламирање.

Новиот МСФИ 15 се ориентира на приходите од договорите со купувачите и на тој начин се стекнува мислење дека стандардот се враќа чекор наназад, земајќи ги во предвид одредбите од МСС 18, кој престанува со примена на 31.12.2024 година.

МСФИ 15 не е контрадикторен во поглед на примената на одредбите од неговиот претходник МСС 18, но суштински генерализира и детализира во поглед на пооделни купопродажни договори и формирањето на приходите.

### *1. НАЧИН НА ПРВИЧНА ПРИМЕНА НА МСФИ 15*

Секоја промена во начинот на примена на критериуми и услови за сметководствено евидентирање и известување, бара соодветно прилагодување на податоците од сметководството. Принципот на континуитет и споредливост исто така предвидува споредување на податоци, кои се донесени во споредлива состојба, добиени со примена на истоветни критериуми и правила.

Трговското друштво треба да го применува МСФИ - 15, со примената на еден од следните два метода од точка В3:

- ***а) Ретроактивно на секој претходно известувачки период во согласност со МСС 8 – Сметководствени политики, промена на сметководствените проценки и грешки или***
- ***б) Ретроактивно со признавање на кумулативниот учинок на почетната примена на стандардот, како усогласување на почетната состојба на задржаната заработувачка (или други компоненти на капиталот според потребата) на оној годишен период, кој опфаќа датум на почетна примена.***

#### *1.1. Ретроспективна примена на сите претходни известувачки периоди (15, В3(а))*

Доколку субјектот одлучи да ја применува позицијата од точка а), во тој случај за сите линиски ставки каде што има промени се искажуваат во периодот за 2024 година. Промената се прави за поднесената последна известувачка година, која му претходи на периодот на прва примена на МСФИ 15 (2025 година).

Субјектот доброволно може да ги презентира измените по линиски ставки и за сегашен и за претходни споредливи периоди, но нема обврска да го изврши.

Исто така субјектот кој се определил за точката а) може:

Субјектот може да користи едно или повеќе од следниве практични средства кога го применува овој Стандард ретроспективно во согласност со точка В3(а).

а) За договори кои завршиле, субјектот не мора повторно да ги прикажува договорите кои:

1) започнуваат и завршуваат во истиот годишен известувачки период, или
2) се договори кои завршиле на почетокот на најраниот презентиран период.

б) За договори кои завршиле, кои имаат варијабилен надомест, субјектот може да ја користи цената на трансакцијата на датумот кога бил завршен договорот, наместо да ги проценува износите на варијабилен надомест во споредливи периоди на известување.

в) За договори кои биле изменети пред почетокот на најраниот презентиран период, субјектот не мора ретроспективно повторно да го прикажува договорот за оние измени во договорот кои се во согласност со точките 20-21. Наместо тоа, субјектот треба да го одрази вкупното влијание од сите измени што се случиле пред почетокот на најраниот презентиран период, тогаш кога:

1) ги идентификува исполнетите и неисполнетите обврски за извршување;
2) ја утврдува цената на трансакцијата; и
3) ја распределува цената на трансакцијата на исполнетите и неисполнетите обврски за извршување.

г) За сите периоди на известување кои се презентирани пред датумот на прва примена, субјектот не мора да го обелодени износот на цената на трансакцијата кој е распределен на преостанатите обврски за извршување и објаснување на тоа кога очекува субјектот да го признае тој износ како приход (види точка 120 од МСФИ 15).

За секое од практичните средства од точка Б5, кои ги користи субјектот, субјектот треба да го примени тоа средство доследно на сите договори што се во презентираните периоди на известување. Освен тоа, субјектот треба да ги обелодени сите од следниве информации:

а) практичните средства што биле користени и

б) до степен до кој тоа е разумно можно, квалитативно вреднување на проценетиот ефект од примената на секое од тие практични средства.

### *1.2. Примена на кумулативно влијание во претходниот известувачки период (2024 година), како корекција на првиот известувачки период од 2025 година (15, В3 (б))*

При избор за примена на кумулативно влијание од точката б), субјектот треба во почетното салдо од 2025 година да изврши корекција на задржаната добивка или соодветна позиција од капиталот (класа 9) од 2024 година. Исто така примената се ограничува само на оние договори кои не завршиле на 01.01.2025 година.

Доколку субјектот избере да го примени овој Стандард ретроспективно во согласност со точка В3(б), субјектот треба да го признае кумулативниот ефект од првата примена на овој Стандард како корекција на почетното салдо на задржана добивка (или друг дел од капиталот, како што е соодветно) на годишниот известувачки период кој го вклучува датумот на прва примена. Според овој метод на премин, субјектот може да избере да го примени овој стандард ретроспективно само на оние договори кои не се договори кои завршиле на датумот на прва примена (на пример, 1 јануари 2025 година за субјектот со крај на годината на 31 декември).

Субјектот кој го применува овој Стандард ретроспективно во согласност со точка В3(б), може, исто така, да го користи практичното средство опишано во точка В5(в), или:

а) за сите измени на договорот кои се случиле пред почетокот на најраниот презентиран период; или

б) за сите измени на договорот кои се случиле пред датумот на прва примена.

Доколку субјектот го користи ова практично средство, друштвото треба да го применува тоа практично средство доследно на сите договори и да ги обелодени информациите што се бараат со точка В6.

За периоди на известување кои го вклучуваат датумот на прва примена, субјектот треба да ги направи двете од следните дополнителни обелоденувања доколку овој Стандард се применува ретроспективно во согласност со точка В3(б):

а) износот со кој секоја линиска ставка од финансискиот извештај е засегната во сегашниот известувачки период со примена на овој Стандард во споредба со МСС 11, МСС 18 и поврзаните толкувања кои биле во сила пред промената; и

б) објаснување на причините за значителните промени кои се идентификувани во В8(а).

Субјектот треба да ги примени Појаснувања на МСФИ 15 ретроспективно во согласност со МСС 8. При ретроспективната примена на измените, субјектот треба да ги примени измените како да биле вклучени во МСФИ на датумот на прва примена. Следствено на тоа, субјектот не ги применува тие измени на периоди на известување или на договори на кои не се применуваат барањата од МСФИ 15 во согласност со точки В2-В8. На пример, доколку субјектот го применува МСФИ 15 во согласност со точката В3(б) само на договори кои завршиле на датумот на прва примена, субјектот не мора повторно да ги прикажува договорите, кои завршиле на датумот на прва примена на МСФИ 15, за влијанијата од тие измени.

## *2. ОСНОВНА ЦЕЛ И НАЧЕЛА НА МСФИ 15*

Целта на стандардот е да ги дефинира начелата, кои друштвото треба да ги примени, поради известувањето на корисникот на финансиските извештаи за информациите во врска со видот, износот, временската рамка и веројатноста на приходот и паричните текови, кои произлегуваат од Договорот со купувачот.

Основното начело на МСФИ 15, е друштвото да признае приход во износ кој претставува надомест, кој друштвото очекува да го оствари и прими, во замена за пренос на стока или услуги на купувачите.

За да може да се оствари целта на стандардот и признавањето на приходите, развиен е модел кој се состои од пет чекори, а кои се:

***1. Да се утврди Договорот(ите) со купувачот/купувачите;***

***2. Да се утврди обврската за извршување на Договорот, т.е. обврска која според Договорот треба да ја исполни продавачот;***

***3. Да се одреди цената на трансакцијата;***

***4. Цената на трансакцијата да се насочи на договорените обврски за извршување;***

***5. Да се признаат приходите кога, односно како што, друштвото ги исполнува дефинираните, договорни обврски.***

**Првите три точки** од стандардот се однесуваат на задолжителните елементи на договорите со купувачите и кои се примарни за да може да се исполни условот за склучен договор со купувач.

**Последните две точки** се предмет на расудување од страна на сметководствено финансискиот сектор и се неопходни за завршување на евиденциско - известувачките активности, од склучените договори.

Друштвото треба да ги применува одредбите на МСФИ 15, само на договорот, ако од другата страна на договорот стои купувач.

Купувачот е страна која со друштвото склучило договор за набавка на стока или услуги, кои се резултат од редовното работење на друштвото, во замена за надомест.

**НАПОМЕНА: Стандардот не се применува на договори со купувачи кои се под делокругот на другите стандарди, пример: МСФИ 16 – Лизинг; МСФИ 9 – Финансиски инструменти; МСФИ 10 - Консолодирани финансиски извештаи, МСФИ 11 Заеднички аранжмани; МСС 27 – Неконсолидирани финансиски извештаи и МСС 28 – Инвестиции во придружни субјекти и заеднички потфати па и МСФИ 4 - Договори за осигурување.**

## *3. УТВРДУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ СО КУПУВАЧИТЕ И РЕДОСЛЕД НА ПРИМЕНА НА МСФИ*

Почетна точка за примена на МСФИ 15, е утврдување на договор со купувачите.

Под договор се подразбира согласност помеѓу две или повеќе страни, со која настануваат остварливи права и извршни обврски.

Договор е аранжман помеѓу две или повеќе страни кој создава спроведливи права и обврски. Спроведливоста на правата и обврските во еден договор е прашање на закон. Договорите можат да бидат писмени, усни или во согласност со други вообичаени деловни пракси. Праксите и процесите за воспоставување договори со купувачите не се исти во сите законодавства, дејности и субјекти. Освен тоа, тие може да се разликуваат и во рамките на еден субјект (на пример, може да зависат од класата на купувачот или од природата на ветените добра или услуги). Субјектот треба да ги земе предвид тие пракси и процеси кога определува дали и кога договор со купувач создава спроведливи права и обврски.

Некои договори со купувачи може да немаат фиксно времетраење и можат да бидат прекинати или изменети од која било од страните во секој момент. Други договори може автоматски да се обновуваат во период кој е наведен во договорот. Субјектот треба да го примени овој Стандард за времетраење на договорот (т.е. периодот на договорот), во кој страните на договорот имаат постојни спроведливи права и обврски.

За целите на примена на Стандард 15, договор не постои доколку секоја страна од договорот има еднострано спроведливо право да раскине договорот кој не бил целосно извршен без притоа да и надомести на другата страна (или страни). Договорот не е целосно извршен, доколку се исполнети следниве два критериума:

а) субјектот **се уште не му ги пренел** ветените добра или услуги на купувачот, и

б) субјектот **се уште не добил** и се уште нема право да добие, каков било надомест, во замена за ветените добра или услуги.

### *3.1. Редослед на примена на МСФИ кај договори со купувачи*

Сепак, ако Договорот со купувачот е делумно во делокругот на МСФИ 15, а делумно во рамките на некој друг стандард, при почетно мерење, потребно е **најнапред** да се применат одредбите на **другите стандарди**, со цел другиот стандард да ги дефинира начините како да се раздвојат и/или прв пат измерат, еден или повеќе делови од Договорите.

После тоа се исклучува и делот од **цената** на трансакцијата, за износот на првото мерење, според другите стандарди.

Доколку во вториот стандард не постојат упатства за начинот на раздвојување и/или прво мерење на еден или повеќе делови од договорот, потребно е во потполност да се примени МСФИ 15.

### *3.2. Договор со купувачи*

Договорот кој припаѓа во рамките на МСФИ 15, мора да има одредени карактеристики, односно се смета дека договорот со купувачот е во рамките на МСФИ 15, доколку се исполнат сите од следните 5 (пет) **услови**:

1. **<u>Договорот</u> (писмено, усмено или во согласност со друга соодветна работна пракса) да е одобрен од договорните страни, кои се обврзуваат да ја извршат својата договорна обврска;**
2. **Да се <u>утврдени правата и обврските</u> на секоја договорна страна, во врска со предметните добра или услугите кои се пренесуваат;**
3. **Да се утврдени условите и роковите за плаќање на добрата или услугите, кои се пренесуваат;**
4. **Договорот да има комерцијална содржина (*се очекува, како резултат од договорот*, да дојде до промена на ризикот, временска рамка или износот на идните парични текови на друштвото);**
5. **Да биде веројатна наплатата на надоместокот на кое друштвото има право, во замена за испорака на предметните добра или услуги на купувачите. При тоа важно е за оценување на веројатноста на наплатата**

**на одреден износ на надоместок, да се земе во предвид само способноста и намерата на купувачот да плати износ на надомест по достасување. Понатаму, износот од надоместокот на кој друштвото ќе има право, може да биде понизок од цените, наведени во договорот, во случај надоместокот да е променлив, затоа што друштвото може на купувачот да му понуди попуст на цените. Во тој случај, во такви околности, при анализа на наплатливост се разгледува проценатата цена на трансакцијата, т.е. вкупната цена намалена за попустот.**

Наведените критериуми е потребно да се разгледаат при склучувањето на договорот. Доколку договорот со купувачот ги исполнува критериумите при неговото склучување, не е потребно да се изврши повторна проценка на критериумите, освен ако постојат индиции, дека е дојдено до значајни промени во фактитие и околностите.

**На пример:** ако способноста на купувачот да плати надомест многу се влошува, друштвото повторно врши проценка дали е веројатно дека ќе го наплати надоместокот, на кој ќе има право во замена, за останатата стока или услуга, кој ќе се пренесе на купувачот. Доколку некој договор со купувачот не ги исполнува сите претходно наведени критериуми, друштвото продолжува повторно да го проверува договорот, како би утврдил дали, договорот ги исполнува критериумите во некој подоцнежен период.

**ПРИМЕР 1: Разгледување на веројатноста на наплата и утврдување на надоместокот.**

Друштвото му продава на купувачот 500 единици од производот А, за надомест во висина од 500.000 денари. Станува збор за прва трансакција со купувачот, а купувачот се среќава со значајни финансиски потешкотии.

Затоа продавачот проценува, дека нема да може во потполност да ја наплати договорената сума од надоместокот.

Меѓутоа, купувачот работи во регионот, кој е од интерес за продавачот, па **продавачот смета,** дека купувачот може да помогне во воспоставување на деловни односи, со новите купувачи во тој регион.

Понатака, продавачот го проценува движењето на економската состојба, ситуација во регионот, низ неколку години. Друштвото одлучува на купувачот да му даде **попуст** од **50%** земјаќи ги во предвид сите фактори, со веројатност дека ќе може да ги наплати надоместите од 250.000 денари.

Станува збор за **променлив надоместок.** Останатите критериуми од МСФИ 15, се исполнети со Договор со купувачот за продажба на 500 единици од производот А, по варијабилен надоместок од 250.000 денари, го признава во согласност со одредбите на стандардот. Понатака, кога договорот со купувачите исполнува критериум на признавање, а друштвото од купувачот прима надомест, применоит надомест ќе се **признае како приход**, само во случај на настанување на еден од следните настани (т.15 МСФИ 15);

*а) Друштвото нема преостанати обврски за пренос на стоки или услуги на купувачот и го има примено целиот или суштински целиот надоместок кој купувачот му го има ветено, а кој е неповратен; или*

*б) Договорот е раскинат, а надоместокот примен од купувачот е неповратен.*

Земајќи го во предвид наведеното, надоместокот примен од купувачот е потребно да се признае како обврска, се додека не настане еден од наведените настани под: а) или б) или се додека не дојде до дополнително исполнување на критериумот за третирање на договорот како договор со купувачот (Т.16 МСФИ 15).

### *4. НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ПОСТОЕЊЕ ДОГОВОР СО КУПУВАЧ*

Кога договор со купувачи не ги исполнува критериумите од точка 9 и субјектот добива надомест од купувачот, субјектот треба да го признае добиениот надомест како приход, само откако се случил еден од следниве настани:

а) субјектот нема преостанати обврски за пренос на добра или услуги на купувачот и целиот, или суштински целиот, надомест што бил ветен од купувачот бил добиен од субјектот и тој е неповратен; или

б) договорот бил раскинат и надоместокот што бил добиен од купувачот е неповратен.

Субјектот треба да го признае надоместокот добиен од купувач како облигација, се додека не се случи еден од настаните од точка 15 или се додека не бидат последователно исполнети критериумите од точка 9 (види точка 14). Зависно од фактите и околностите што се однесуваат на договорот, обврската која е призната, претставува обврската на субјектот или да пренесе добра или услуги во иднина, или да го врати добиениот надомест. Во секој случај, обврската треба да се мери според износот на надоместокот што бил добиен од купувачот.

**ПРИМЕР 2: Настанување на обврска и приход од склучен договор**

ТД "А" склучува купопродажен договор на 01.05.2025 година, со купувачот ТД "Б", за продажба на добра - производ "XXX" во количина од 50.000 паричиња по нето цена од 2.000,00 МКД. Испораката на производот треба да започне на 01.07.2025 година, поради пополнетост на капацитетите во наредните 2 месеци и ветените количини за испорака по претходни договори со други клиенти. За нарачаната количина, се предвидени следните рокови на плаќање:

- 40% од нето износот, на денот на потпишувањето на договорот;
- 30% на 30.06.2025 и
- 30% на 20.07.2025 година, по завршување на испораката на производот.

Купувачот на денот на склучување на договорот, има извршено плаќање во износ од 40.000,00 МКД, согласно договорот.

Признавање на обврските од договорот:

Испораката е извршена:

- 25.000 парчиња на 10.07.2025 и
- 25.000 парчиња на 20.07.2025.

Производствената цена изнесува 1.000 МКД по парче.

Целосната доплата, купувачот ја извршил на 20.07.2025 година.

Согласно утврдената динамика на испорака, кај продавачот ќе настанат обврски по основ на примените уплати, пред испораките на производите на купувачот.

**Книжење кај продавачот:**

1) 1000 - Трансакциска сметка 40.000.000
22204 - Аванси за добра 33.890.320
2303 - ДДВ 18% - Аванси 6.101.680

- аванс по договор бр.__ на 01.05.2025;

- истоветно на 30.06.2025 година

2) 1000 - Трансакциска сметка 30.000.000
22204 - Аванси за добра 25.423.740
2303 - ДДВ 18% - Аванси 4.576.260

- аванс по договор бр.__ на 30.06.2025;

3) 1200 - Купувачи 59.000.000
7400 - Приходи 50.000.000
2300 - ДДВ 18% 9.000.000

- испорачани производи - 10.07.2025;

4) Побарува
2300 - ДДВ 18% 9.000.000
22204 - ДДВ 18%
- Аванси 9.000.000

- пренос на ДДВ во аванси;

5) 7000 - Цена на чинење 25.000.000
6300 - Готов производ 25.000.000

- по испратница бр.__ од 10.07.2025;

6) 1200 - Купувачи 59.000.000
7400 - Приходи 50.000.000
2300 - ДДВ 18% 9.000.000

- испорачани производи - 20.07.2025;

7) Побарува
2300 - ДДВ 18% 9.000.000
22204 - ДДВ 18%
- Аванси 9.000.000

- пренос на ДДВ во аванси.

8) 7000 - Цена на чинење 25.000.000
6300 - Готов производ 25.000.000

- по испратница бр.__ од 20.07.2025;

Согласно МСФИ 15 (т.15 и 16), склучениот договор за купопродажба создава обврска за испорака на производи, но во суштина создава евиденциска обврска за примениот надомест.

Забележливо од извршените книговодствени промени, приходот настанува за делот на испорачаните производи во моментот на испораката на производите (истоветно е и за услуги), не во моментот на склучувањето на договорот.

Се до денот на првата испорака на производите, не се формира приходот, од причини што побарувањето врз основа на договорот и обврските за испорака се еквивалентни, се до првата испорака (ако не се земат во предвид авансите).

Првото нарушување на еквилибриумот од договорот за купопродажба, се случува пред првата испорака со приемот на авансот, за кој настанува обврска кај продавачот (примателот на авансот).

Согласно наведеното, приходот не настанува, се до моментот на испораката на производите или испораката на услугите, без оглед на временскиот период од склучениот договор, пред првата испорака на стоки/услуги.

Во зависност од фактот и околностите кои се однесуваат на договорот, признаената обврска претставува обврска на друштвото да: или дополнително ја пренесе стоката или услугата или да го врати примениот надоместок.

Во секој случај, обврската се проценува според износот на надоместокот примен од купувачот.

**ПРИМЕР 3: Критериумот за веројатноста на наплатата не е исполнет.**

Друштвото А се занимава со градежништво, па склучува Договор со купувачот за продажба на зграда за 2 милиони денари.

Купувачот планира во зградата да отвори ресторан.

Ресторанот ќе биде на подрачјето на кое веќе постојат бројни ресторани, каде конкуренцијата е голема, а купувачот нема искуство за водење на ресторани.

Купувачот плаќа неповратен депозит во износ од 100.000 денари, за преостанатите 95% од договорената цена со друштвото, презема обврски за финансирање.

Договор за финасирање е склучен на нерегресна основа, т.е. во случај на неплаќање од страна на купувачот, друштвото има право повторно да ја земе зградата, но нема право да бара дополнителен надоместок од купувачот, дури и ако колатералот не ја покрива целата сума на долгот. Трошокот од изградбата на зградата е 1,2 милиони денари, а купувачот стекнува контрола над имотот, во моментот на потпис на договорот.

Друштвото разгледува, дали се задоволени критериумите, договорот да биде признат, како договор со купувачот.

Не постои веројатност за наплата на очекуваниот надоместок, во замена за давање на сопственост над зградата, односно постои сомнеж во можноста и намерата на купувачот, да го подмири надоместокот, поради следните околности:

- *Друштвото има намера да го врати заемот, врз основа на приходот, заработен во ресторанот;*
- *купувачот нема други извори на приходи или имот, со кој би можел да го врати заемот;*
- *Обврска на купувачот врз основа на договорот од заемот е ограничена, бидејќи заемот не е регресен.*

Со оглед на тоа дека не се исполнети критериумите на признавање од т. 9 од МСФИ 15, договорот **не се смета како договор со купувачот**.

Понатака, друштвото нема примено поголем дел од договорениот надоместок, ниту пак го има раскинато договорот, па поради тоа примените неповратни депозити од 100.000 денари, ги признава како обврска од основниот депозит.

Друштвото продолжува да ги признава иницијалните неповратни депозити, како и сите примени плаќања на главнината на заемот и каматата, како обврска, се додека не се исполнат условите на признавање на договорот, како договор со купувач или се исполнат барањата од т. 15 од МСФИ 15.

**Значи, договорот мора да се процени врз основа на континуитет**.

Исто така се смета *дека* за потребата за примена на МСФИ 15, договорот не постои, ако секоја договорна страна има еднострано остварливо право да го раскине договорот, кој во целост не е извршен, без разлика дали ќе исплати надоместок на другата страна *(или страните*).

Се смета дека договорот во целост е неизвршен, ако се исполнети двата следни критериуми:

а) ***Друштвото се уште му ја нема пренесено на купувачот ветената стока или услуга и***
б) ***Друштвото се уште не примило и се уште нема право да прими надомест, во замена за ветената стока или услуга.***

### *5. СПОЈУВАЊЕ И КОМБИНАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ДОГОВОРИ ВО ЕДЕН*

Стандардот разгледува дали треба некој договор за сметководствена потреба да се искаже како поединечен или треба да се спои со останатите други договори.

Иако во повеке случаи, Друштвото ке го примени моделот на пооделни договори со купувачите, МСФИ 15 ги одредува условите, **кога повеќе** договори **треба да се спојат** или третираат како единствени договори.

Два или повеќе договори, споени во исто или приближно време со ист купувач *(или поврзани страни на купувачот*), треба да се комбинираат и да се пресмета како еден договор, ако не е исполнет некој од следните критериуми:

а) *Договори кои се договорени во пакет со единствена комерцијална цел.*
б) *Вредноста на надоместот кој треба да се плати во рамките на еден договор, зависи од цената или од извршувањето на вториот договор или*
ц) *Стоката или услугата кои се ветени во рамките на договорот, претставуваат единствена обврска на извршувањето.*

Влијанието од поврзаноста на договорите е несомнено врз резултатите, обврските и правата кои произлегуваат од договорите.

За да се врши рекомбинирање и спојување на договорите мора да постои реална зависност во видот на исполнувањето, односно вредноста од договорите. Импликациите не треба да се на претпоставена основа и за тоа се потребни договорени односи помеѓу страните.

### *6. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРИТЕ И ПОСТАПКИ ВО ВРСКА СО НАСТАНАТИТЕ ПРОМЕНИ*

Стандардот дефинира како да се постапи во случај на дополнителна промена на договорот, **на пример: поради промената на обемот или цената на договорот.**

Измена на договорот настанува кога договорените страни меѓу себе се согласни, меѓутоа, до промена на договорот може да дојде и кога договорните страни не се договорат околу промената на опфатот на работата или цената на договорот, или ако е договорена промена на обемот на договорот, но сеуште нема нова цена.

Во секој случај, потребно е да се разгледа дали доаѓа до промена на новиот договор или измена на постојниот договор.

***Измената на договорот се смета како посебен договор, кога се задоволени двата следни услови:***

1) **Обемот (опфатот) на договорот се зголемува, бидејќи со измената се додава нова стока или услуга, кои се различни од претходно договорените стоки или услуги и**
2) **Цената на договорот се зголемува за сумата на надоместокот, кој ги одразува самостојните продажни цени, која друштвото ја има за дополнително договорена стока или услуга на друштвото и сите други корекции на таа цена кои ги одразуваат околностите под влијание на тие договори.**

Ако измената не се смета како посебен договор, стоките или услугите кои произлегуваат од промената на договорот, ***потребно е да се евидентираат на еден од следните начини:***

- *Ако преостанатата стока и услуга се разликуваат од оние кои се веќе достапни/пренесени пред измената на договорот, ќе се евидентира како прекин на постојниот договор и склучување на нов договор.*

- *Износот на надоместокот кој се распоредува за преостанати обврски за извршување, претставува збир на:*
    - *надомест кој е ветен на купувачот **(вклучувајќи го и износот кој е веќе примен од купувачот)**, кој е вклучен во процената на цената на трансакцијата и кој не е признат како приход;*
    - *надоместок кој е ветен како дел од измената на договорот*;
- *Ако преостанатите стоки или услуги не се разликуваат и со тоа го сочинуваат делот на една обврска на извршување, која е делумно исполнета на датумот на измената на договорот, измената на договорот ќе се третира како дел на посебен договор. Учинокот на измената на договорот на трансакцијата на цената и на мерење на напредокот, спрема потполно исполнување на обврската на извршување, која ја спроведува друштвото, се признава како усогласување на приходот **(како зголемување или намалување на приходот)** на датумот на измената на договорот **(односно, усогласување на приходот се извршува кумулативно по основ на степенот на извршување)**;*
- *ако преостаната стока или услуга претставуваат спој на претходно наведените можности, друштвото ќе пресмета учинок на измена на неисполнување **(вклучувајќи и делумно исполнување)** на обврските во изменетиот договор.*

**ПРИМЕР 4: Разгледување на условите за измена на договорените одредби**

Друштвото склучува договор со купувачот и се обврзува да продаде 200 парчиња од производот за вкупен надоместок од 16.000 денари. ***Цената по производ е 80 денари.***

Производите се доставуваат на купувачот во период од 4 месеци, а контролата над средствата се остварува после секоја достава.

Откако на купувачот му се испорачани 150 парчиња од производот, доаѓа до промена на договорот, бидејќи друштвото се обврзува да достави дополнителни 50 парчиња од производот (над договорената количина од првично договорените 200 парчиња).

Услугата за дополнителна испорака, за 50-те парчиња, не била вкучена во првичниот договор.

***- Случај А – Услуга за достава на дополнителни производи, по различна поодела продажна цена.***

Во момент на промена на договорот, дојдено е и до промена на продажната цена за дополнителна испорака. Претходно договорената поединечна продажна цена на производот останува непроменета, во моментот на составување на промените во договорот, па дополнителните производи се одвоени од производот, чија продажба е договорена со изворниот договор.

**Новата цена за дополнителна испорака е утврдена на износ од 75,00 денари.**

Во согласност со одредбите на МСФИ 15, испораката на дополнителните производи, претставува нов одвоен договор, па не влијае на сметководствено искажување на изворниот договор.

Друштвото ќе ги продава останатите 50 парчиња (*од изворниот договор*) по цена од 80 денари, додека новата испорака од 50 парчиња, ке се пресметува по цена од 75 денари.

***- Слчучај Б –Услуга за достава на дополнителните производи, по цена која не ја одразува нивната поединечна продажна цена***

Во моментот на договарање на дополнителната испорака од 50 парчиња од производот, договорена е цена од 60 денари за секоја дополнителна единица од производот.

Меѓутоа, како на купувачот ќе му се надомести лошиот квалитет на испорачаните производи, кој е утврден поради помалите грешки во доставата на првите 50 парчиња од производот од изворниот договор, па друштвото и купувачот се договориле да вклучат попуст од 10 денари по производ, што изнесува вкупно 500 денари *(50 парчиња претходно доставени по изворниот договор x 10 денари*).

Последица од тоа е дека цената за дополнителна испорака се утврдува на сума од 50 денари по производ, односно вкупно 2.500 денари по производ.

Значи, таа цена се состои од договорена цена од 60 денари по дополнителна испорака од производот (*3.000 денари) и намалена за 500 денари.*

Во момент на промена на договорот, друштвото ја признава сумата од 500 денари, како намалување на цената на трансакциите и намалување на приходот, за веќе продадени 50 парчиња од производот.

При утврдување на сметководствениот третман за продажба на дополнителни 50 парчиња од производот е утврдено дека цената од 60 МКД по парче, не може да се смета за поединечна продажна цена на дополнителните производи, па продажбата на дополнителните производи не се смета за посебен договор.

Бидејќи дополнителната испорака се разликува од оние кои се веќе извршени на купувачот, според т.21 од МСФИ 15, измената на договорот се смета како престанок на изворниот договор и почеток на примена на новиот договор.

Според тоа утврден е нов износ од приход, кој ја одразува примената на цената, т.е. комбинација на стара и нова цена, на следниот начин:

- ***(80 денари x 50 парчиња кои се уште не се доставени по оригинален договор) + (60 ден. x 50 парчиња од производот од новата испорака) / 100 производи кои сеуште вкупно мораат да се испорачаат (4.000 + 3.000) = 7.000 денари/ 100 = 70 денари.***

## *7. УТВРДУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ*

При составување на договорот, друштвото треба да утврди кое добро или услуга за чија испорака или извршување се обврзале во договорот со купувачот и како обврска на извршување да се идентификува секоја договорена (ветена) испорака на купувачот:

а) ***Добро или услуга (или пакет на добро или услуга) која се разликува, или***

б) ***Серија (повеќе) различни стоки или услуги, кои се еднакви и имаат еднаков распоред на пренос на купувачот. При тоа се смета дека истиот распоред на пренос на купувачот постои, кога се задоволени двата следни услови:***

- секоја поделна различна стока или услуга, во низата кое друштвото се обврзало да ја пренесе на купувачот, го исполнува критериумиот од т. 35 од МСФИ 15, да биде обврската извршена, која ќе се исполнува со текот на времето;
- во согласност со т. 39 – 40 од МСФИ 15 ист метод би се применувал за мерење на напредокот на друштвото, според целосно испитување на обврските за извршување за да секоја различна стока или услуга во серија се пренесат на купувачот.

Вообичаено е дека и стоката и услугата, на чија испорака/извршување друштвото се обврзало, јасно се наведени во договорот со купувачот.

Меѓутоа, исполнувањето на договорните обврски не мора да биде ограничено само на договорената стока/ услуга, туку може да се однесува и на други обврски, кои се подразбираат на вообичена работна пракса, а во момент на склучување на договорот кај купувачот се создава оправдано очекување дека друштвото ќе ја пренесе стоката или услугата на купувачот.

Зависно од видот на договорот, договорената стока или услуга, можат да се вклучат со следни примери:

*а) Со продажба на произведената стока (пример, залиха на производителот);*

*б) Препродажба на стоката кое друштвото ја купило (пример трговска стока во малопродажба);*

*в) Ги препродаваат правата на стоката или услугата кое друштвото ги има купено (на пример, карта, билет, ваучер), која друштвото ја препродава во својство на налогодавач);*

*г) Извршување на договорот со договорените активности за купувачот;*

*д) Давање на услуга која подразбира подготвеност на испорака на стоката или давање на услуга (на пример ажурирања на софтверот, кои не се конкретно дефинирани, кои се извршуваат кога и доколку се потребни) или ставање на стоката или услугата на располагање на купувачот, кога купувачот за тоа ќе одлучи;*

*ѓ) Давање на услуги, организирање на пренос на стоката или услугата на купувачот за друга страна (на пример, делување во својство на агент (подизведувач) за друга страна);*

*е) Давање на право на стоката или услугата која ке се испорача во иднина и која купувачот може да ја препродава или да му ја даде на својот купувач;*

*ж) Изградба, производство или развој на средството во име на купувачот;*

*з) Доделување на лиценца;*

*ѕ) Давање можност за купување на дополнителна стока или услуга*.

Значи, при склучување на договор со купувачот, друштвото **мора да ја утврди стоката или услугата** на чија испорака се обврзал, врз база на договорени услови, па да ги утврди деловите од договорената трансакција, т.е **дали можат** стоката или услугата **да се сметаат како посебни обврски** на извршување.

Се смета дека стоката и услугата претставуваат посебна обврска на извршување, ако се посебни (*било пооделно или како дел од групата на стоката или услугата*) или ако се дел од серијата на посебни добра и услуги, кои се еднакви и имаат исти обрасци на пренос на купувачот.

Добрата и услугите **се признаваат посебно**, ако се исполнети **двата следни критериуми**:

1) *Купувачот може да има корист од стоката или услугата со самостојно или заедничко користење со останатите ресурси, кои му се директно достапни (стоката или услугата, кои се способни да бидат посебни) и*
2) *Ветувањето на друштвото дека на купувачот ќе му ја пренесат стоката или услугата, може да се идентифицира одвоено од останатите ветувања во рамките на договорот (стоката или услугата кои се посебни во контекстот на договорот).*

Меѓутоа, ако договорената стока или услуга не можат да се сметаат посебно, друштвото треба да ја комбинира таа стока или услуга, со останатите ветени стоки или услуги, во рамките на договорот, се до оној момент кога е можно да се идентификуваат посебно, стоката или услугата.

**ПРИМЕР 5: Утврдување на посебност на стоката или услугата**

- ***Случја А – Посебни добра и услуги***

Друштвото кое се занимава со развој на софтвер, склучил договор со купувачот.

Се обврзува на купувачот да ја пренесе лиценцата за софтверот, услугата, инсталацијата, неспецифични ажурирања на софтверот и техничка поддршка во рок од две години.

***Стоката и услугата се продаваат одвоено.***

Услугата на инсталирање, вклучува измена на веб – екранот за секој тип на корисник. Услугите на инсталирање, рутински се даваат на другите друштва, па затоа не влијаат на промената на софтверот.

Друштвото разгледува кое добро и услуга, можат да се сметаат посебно. Во врска со тоа дека софтверот се испорачува пред останатите добра и услуги, може да функционираат без ажурирање и техничка подршка, па друштвото заклучува дека купувачот може да оствари корист од секоја договорена стока и услуга, било со посебно користење на прифатливите добра и услуги во тој момент.

Во врска со тоа дека ветувањето за преносот на секое добро и услуга, може посебно да се идентификува и разликува од останатите добра или услуги од договорот, друштвото ги има утврдено четирите обврски на извршување внатре во договорот и тоа: софтверска лиценца, услуги на инсталирање, ажурирање на софтверот и техничка подршка.

***Случај Б – Значајни прилагодувања***

Ветуваните добра и услуги се исти како и во случајот А. Меѓутоа, услугите на инсталирање значајно влијаат на промената на софтверот, бидејки доаѓа до зголемување на функционалноста на софтверот, кој овозможува размена на податоците со останатите прилагодувања на софтверските апликации, кои купувачот ги користи.

Бидејќи во овој случај друштвото се користи со лиценца на прилагодена услуга за инсталирање, како **инпут** за производство на комбиниран **аутпут** (***функционален и интегриран софтверски систем***), кој е дефиниран со договорот, ветениот пренос на лиценцата не може да се разгледува одвоено од ветувањето на услугите на инсталирање, па поради тоа тие две услуги не може да се разгледуваат како одвоени прозводи.

Во согласност со тоа, друштвото идентифицирало три обврски на извршување внатре во договорот и тоа: **прилагодена услуга на инсталирање** ***(вклучува и софтверска лиценца)***, **ажурирање на софтверот и техничка поддршка.**

**ПРИМЕР 6: Стоката и услугата не се посебни**

Градежното друштво влегува во договор со купувачот, за изградба на болница. Друштвото е одговорно за управување со проектот, па на купувачот треба да му се даде рана услуга, **на пример***: услуга на инжинеринг, чистење на локацијата, изградба, вградување на цевки и жици, вградување на опрема, завршни работи и слично.*

Разгледувајќи ги условите на договорот, тие ветувања на добрата и услугите не може да се сметаат посебни обврски, бидејќи преносот на поделните добра и услуги од договорот не може во овој случај да се одвои од останатите обврски од договрот.

Наведното произлегува од фактот дека друштвото дава значајни услуги на интеграција на добрата и услугите ***(се смета за импут)*** во изградба на болница ***(комбиниран аутпут)***, во согласност со договорот со купувачот.

Значи сите добра и услуги од овој договор, мора да се признаат како единствена обврска од извршување.

Во поделни договори, купувачот на добрата или услугите, прима од друго друштво, кое не е договорна страна во договорот склучен помеѓу купувачот и друштвото.

Според тоа друштвото мора да одреди дали постои само обврска за давање на стоката или услугата (***друштвото е принципал***) или има обврска да договори испорака на стоката од страна на другото друштво (***друштвото е агент - посредник***).

Зависно од тоа која е улогата на друштвото, различно е влијанието на сумата на приходот, кое друштвото го признава во финансиските извештаи.

Доколку друштвото е принципал во договорот, ќе го признае приходот кој е еднаков на бруто износот од надоместокот, кое друштвото го очекува да го прими врз основа на договорот, додека во случај доколку друштвото е посредник во договорот, приходот ке го признае во нето-сума на надоместокот, утврден како износ кој друштвото го задржува, после плаќање на надоместокот на третата страна, за извршената испорака на добрата и услугите.

Субјектот треба да признае приход тогаш кога (или откако) субјектот ја исполнува облигацијата за извршување така што му го пренесува ветеното добро или услуга (т.е. средството) на купувачот. Средството е пренесено тогаш кога (или откако) купувачот стекнал контрола врз тоа средство.

За секоја облигација за извршување која е идентификувана во согласност со точките 22-30, субјектот треба да утврди, при составување на договорот, дали таа облигација за извршување се исполнува за време на некој временски период (во согласност со точките 35-37) или во некој момент од времето (во согласност со точка 38). Доколку субјектот не ја исполнува облигацијата за извршување за време на некој временски период, облигацијата за извршување се исполнува во некој момент од времето.

Добрата и услугите се средства, иако тоа може да биде само во еден момент, кога се добиени и се користат (како што е случај со многу услуги). Контролата на средството се однесува на способноста да се насочи употребата на тоа средство и да се стекнат суштински сите преостанати користи од средството. Контролата ја вклучува способноста да се спречат други субјекти да ја насочуваат употребата на тоа средство и да се стекнат со корист од средството.

Користи од средството се потенцијалните парични текови (приливи или заштеди во одливите) кои можат да се остварат директно или директно на повеќе начини, како што се:

а) користење на средството за производство на добра или за давање услуги (вклучувајќи и јавни услуги);

б) користење на средството за зголемување на вредноста на други средства;

в) користење на средството за намирување на обврски или за намалување на трошоци;

г) продажба или размена на средството;

д) ставање на средството како залог со цел обезбедување на заем; и

ѓ) чување на средството.

Кога прави проценка на тоа дали купувачот остварил контрола врз средството, субјектот треба да ги разгледа сите договори за повторен откуп на средството (види точки Бб4-Б7б).

Согласно одредбата од точка Б64 договор за повторен откуп е договор во кој субјектот продава средство и исто така ветува, или има опција (во истиот договор или во друг договор), повторно да го купи тоа средство. Средството кое повторно било купено може да биде средство кое првично му било продадено на купувачот, средство кое суштински е исто како тоа средство, или друго средство, чиј дел е средството кое првично било продадено.

### *8.1. Обврски кои се исполнуваат низ подолг временски период*

Субјектот ја пренесува контролата врз добро или услуга низ времето и, затоа, ја исполнува облигацијата за извршување и го признава приходот низ времето доколку е исполнет еден од следниве критериуми:

а) купувачот истовремено ги прима и ги троши користите кои настануваат од извршувањето на договорот од страна на субјектот, за време на тоа извршување, (како што се услуги за хигиена - чистење);

б) извршувањето на облигацијата од страна на субјектот создава или го зголемува средството (на пример, недовршени производи), кои купувачот ги контролира додека средството се создава или зголемува без оглед дали средството е материјално или нематеријално; или

в) извршувањето на обврските од страна на субјектот не создава средство кое субјектот може да го користи на алтернативен начин и субјектот има спроведливо право на исплата за извршување на облигацијата до определен датум.

Средство кое е создадено како резултат на извршување на обврските од страна на субјектот не може да се користи на алтернативен начин доколку субјектот е или ограничен со договор за тоа лесно да ја промени намената на средството за време на создавањето или подобрувањето на тоа средство, или е практично ограничен од тоа лесно да ја промени намената на средството во неговата завршена состојба. Проценката на тоа дали некое средство може да има алтернативна употреба се прави при составувањето на договорот. По составувањето на договорот, субјектот не мора повеќе да ја ажурира проценката за алтернативната употреба на средството, освен во случај ако страните во договорот одобрат измена на договорот која суштински ја менува облигацијата за извршување.

Субјектот треба да ги раэгледа уловите на договорот, како и сите закони што ое применуваат на договорот, кога прави проценка дали има спроведливо право на исплата на надомест за извршување на обврски, кои биле завршени до определен датум. Правото на надомест за извршување на обврски кои биле завршени до определен датум не мора да подразбира фиксен износ. Меѓутоа, во секој момент додека трае договорот, субјектот мора да има право на износ кој во најмала рака ги покрива трошоците на субјектот за извршување на обврски кои се завршени до тој датум, доколку договорот биде прекинат од купувачот или од друга страна од други причина, освен од неуспех на субјектот да ги исполни своите ветувања.

### *8.2. Обврски кои се исполнуваат во одреден момент*

Доколку облигацијата за извршување не се исполнува низ времето, субјектот ја исполнува облигацијата за извршување во некој момент од времето. За да се утврди моментот во времето кога купувачот стекнал контрола врз ветениот имот и субјектот ја исполнил облигацијата за извршување, субјектот треба да ги земе предвид **барањата за контрола** (од точките 31-34). Освен тоа, субјектот треба да ги земе предвид и **индикаторите** за пренос на контролата кои ги вклучуваат, но не се ограничени само на, следннве:

а) Субјектот има сегашно право на плаќање за средството-доколку купувачот има сегашна облигација да плати за средството, тогаш тоа може да укажува на тоа дека купувачот ја стекнал способноста да управува со употребата и во замена, да ги добие суштински сите преостанати користи од пренесеното средство.

Купувачот е носител на правото на сопственост врз средството-правото на сопственост може да укажува на тоа која страна од договорот ја има способноста да управува со употребата и да ги добие суштински сите преостанати користи од средството или да го ограничи пристапот на други субјектот до тие користи. Затоа, преносот на право на сопственост врз средството може да укажува на тоа дека купувачот стекнал контрола врз средството. Доколку субјектот го задржува правото на сопственост единствено како заштита од неуспех на купувачот да го плати надоместокот, тие права на субјектот не би го исклучиле купувачот од стекнување контрола врз средството.

в) Субјектот го пренел физичкото поседување на средството-кога купувачот физички го поседува средството. Тоа може да значи дека купувачот ја има способноста да управува со употребата и да ги добие суштински сите преостанати користи од средството или да го ограничи пристапот на други субјектот до тие користи. Меѓутоа, физичкото поседување не мора да се преклопува со контрола на средството. На пример, кај аранжмани за повторен откуп и кај некои аранжмани за комисиона продажба, купувачот или продавачот може физички да го поседува средството кое е контролирано од субјектот. Спротивно на тоа, има и аранжмани „фактурирај -и-задржи“ во кои субјектот може физички да го поседува средството кое е контролирано од купувачот.

г) Купувачот има значителни ризици и награди од сопственоста врз средството - пренесувањето на значителните ризици и награда од сопственост врз средството на купувачот може да укажува на тоа дека купувачот се стекнал со способност да управува со употребата на средството и да ги добие суштински сите преостанати користи од средството. Меѓутоа, кога прави проценка на ризиците и наградите од сопственоста врз ветеното средство, субјектот треба да ги исклучи сите ризици кои доведуваат до одвоена облигација за извршување, покрај облигацијата за извршување за пренос на средството. На пример, субјектот можеби му ја пренел контролата врз средството на купувачот, но се уште не исполнил дополнителна облигација за извршување која се однесува на давање услуги за одржување во врска со средството кое било пренесено.

д) Купувачот го прифатил средството-прифаќањето на средството од страна на купувачот може да укажува на тоа дека купувачот се стекнал со способност да управува со употребата на средството и да ги добие суштински сите преостанати користи од средството. За да го процени ефектот од одредбата во договорот за прифаќње на средството од страна на купувачот кога се пренесува контролата врз средството, субјектот треба да ги земе предвид сите околности за стекнување на контрола.

### *9. МЕРЕЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НИЗ ПЕРИОД ВРЕМЕ*

За секоја облигација за извршување која се исполнува низ времето, субјектот треба да го признае приходот низ времето, така што ќе го мери напредокот кон целосното исполнува-

ње на таа облигација за извршување. Кога се мери напредокот, целта е да се прикаже степенот на извршување од страна на субјектот, во пренесувањето на контролата врз добра или услуги, кои му се ветени на купувач (т.е. исполнување на облигацијата за извршување на субјектот).

Субјектот треба да примени еден метод за мерење на напредокот за секоја облигација за извршување, која се исполнува низ времето и субјектот треба да го применува тој метод на доследен начин, на слични обврски за извршување и за слични околности. На крајот од секој известувачки период, субјектот повторно треба да го измери својот напредок кон целосното исполнување на облигацијата за извршување, која се исполнува низ времето.

## *10. МЕТОДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ НИЗ ПЕРИОД НА ВРЕМЕ*

Соодветните методи за мерење на напредокот вклучуваат излезни методи и влезни методи. При утврдувањето на соодветниот метод за мерење на напредокот, субјектот треба да ја земе предвид природата на доброто или услугата која субјектот ветил дека ќе му ја пренесе на купувачот.

Кога се применува некој метод за мерење на напредокот, субјектот треба да ги исклучи од мерењето на напредокот за сите добра или услуги за кои субјектот не му ја пренесува контролата на купувачот. Спротивно на тоа, субјектот треба да ги вклучи, во мерењето на напредокот, сите добра или услуги за кои субјектот му ја пренесува контролата на купувачот, кога ја исполнува таа облигација

Како што околностите се менуваат низ времето, субјектот треба да го ажурира своето мерење на напредокот за да ги одрази сите промени во резултатите на облигацијата за извршување. Таквите промени во мерењето на напредокот на субјектот, треба да се евидентираат како промена во сметководствените проценки во согласност со МСС 8 Сметководствени политики, промени во сметководствени проценки и грешки.

*10.1. Разумни мерења на напредокот*

Субјектот треба да признае приход за облигацијата за извршување, која се исполнува низ времето, само доколку субјектот може разумно да го измери својот напредок кон целосното исполнување на облигацијата за извршување. Субјектот не би бил во можност разумно да го измери својот напредок кон целосно исполнување на облигацијата за извршување, доколку нема сигурни информации, кои се неопходни за примена на соодветен метод за мерење на напредокот.

Во некои околности (на пример, во раните фази на договорот), субјектот можеби нема да биде во можност, разумно да го измери исходот на облигацијата за извршување, но и субјектот очекува да си ги надомести трошоците кои настанале како последица од исполнување на облигацијата за извршување.

Во такви околности, субјектот треба да го признае приходот само до степен на трошоците кои настанале, се до моментот кога субјектот не може разумно да го измери исходот на облигацијата за извршување.

# Д Д В

дипл.економист: Ромео Костадинов

## РЕГИСТРАЦИЈА И ДЕРЕГИСТРАЦИЈА НА ДДВ ОБВРЗНИЦИ И ИСПРАВКИ НА ОДБИВКИ

***ДДВ обврзникот, при регистрација за цели на ДДВ врши одбивка на ДДВ содржан во залихите, но и дерегистираниот субјект е должен да изврши доплата на претходниот ДДВ, содржан во залихите на денот на дерегистрација како и да го плати ДДВ-то од прометот остварен до денот на прием на Решението за дерегистрација.***

### *ВОВЕД*

Прагот на регистрација за ДДВ обврзник, од 2 милиони МКД, наметнува обврски за регистрација, но и истоветни обврски кои произлегуваат за дерегистрацијата на ДДВ обврзниците, правни и физички лица.

ДДВ обврзниците кои го надминуваат прагот на регистрација за 2025, во висина од 2.000.000 МКД, имаат обврска да се регистрираат за ДДВ обврзник.

Регистрираните ДДВ обврзници, кои не ги исполнуваат условите за задржување на статусот на регистриран ДДВ обврзник, се предмет на дерегистрирање од страна на УЈП, по поднесено барање од субјектот или по автоматизам.

Со влез или напуштање на режимот "ДДВ обврзник", се наметнуваат обврските на пресметување и плаќање на ДДВ, од промената на околностите и од прометот од разликите во временскиот период на обврзникот, до прием на Решение.

Временските разлики се неизбежни при дерегистрација на даночниот обврзник, од 01.01.2025 до денот на прием на Решението, за прометот со ДДВ и залихите.

## *1. ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК И СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ*

Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако поинаку не е пропишано со Законот за ДДВ („Службен весник на РМ" 44/99...199/23).

Предмет на оданочување со данокот на додадена вредност претставува:

1. Прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и

2. Увозот на добра.

Промет на добра претставува преносот на правото на располагање со движен или недвижен материјален имот.

Промет на услуги претставува секоја дејност, која не се смета за промет на добра.

Даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од дејноста.

Под стопанска дејност се подразбира секоја дејност на производителите, трговците и лицата кои извршуваат услуги, која има за цел остварување на приходи, вклучувајќи ги дејностите од областа на рударството, земјоделството и шумарството, како и отстапувањето на материјални и нематеријални добра за нивно користење.

По исклучок како самостојна дејност не се смета дејноста на:

1. Физичките лица, кои поединечно или здружени се вработени во некое претпријатие и по тој основ примаат плата и се обврзани да се повикуваат на упатствата на работодавецот и

2. Подружниците, филијалите или другите поединечни организациони делови на некое претпријатие.

Поимот на вршење на стопанска дејност, од аспект на даночна положба на субјектите, го опфаќа и вршењето на нестопански активности, кои за цел имаат остварување на соодветна противвредност во паричен или непаричен облик.

## *2. РЕГИСТРАЦИЈА И ДЕРЕГИСТРАЦИЈА ЗА ЦЕЛИ НА ДДВ*

### *2.1. Регистрација за ДДВ*

Сите даночни обврзници, чиј **вкупен промет** во изминатата календарска ***2024*** година, надминал износ од 2.000.000 МКД, се обврзани за регистрација за данокот на додадена вредност.

Субјектите, за чиј **вкупен промет** се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност, дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност.

**Вкупен промет** претставува збир на прометот што го направил обврзникот во текот на календарската година и кој е предмет на оданочување, вклучувајќи го и данокот кој отпаѓа на него, освен прометот ослободен од данок, без право на одбивка на претходниот данок.

Ако даночниот обврзник ја вршел својата дејност само во еден дел од календарската година, фактичкиот вкупен промет се пресметува на ниво на вкупен промет за целата календарска година.

Даночни обврзници - резиденти во земјата кои не се обврзани за регистрација (остварен промет под 2 милиони) не должат данок на додадена вредност за прометот на добра и услуги извршени од нив.

Тие не се овластени одделно да искажуваат данок во фактурите или во други документи и немаат право на одбиток на претходни даноци.

Даночните обврзници ***кои не оствариле промет над 2 милиони***, можат доброволно да се регистрираат за данокот на додадена вредност од почетокот на секоја календарска година.

Даночните обврзници кои го надминале прагот но и доброволците, се обврзани да поднесат пријава за регистрација за данокот на додадена вредност кај надлежниот даночен орган, за да се регистрираат за ДДВ обврзници.

Даночните обврзници (доброволна регистрација), пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност, можат да ја поднесат и преку Централниот регистар на Република Македонија.

Даночните обврзници кои го надминале прагот од 2 милиони МКД во претходната година и доброволците, ја поднесуваат пријавата најдоцна до 15 јануари во тековната година.

Ако даночниот обврзник започнал со вршењето на својата дејност во текот на календарската година, пријавата се поднесува во рок од 15 дена од почетокот од вршењето на дејноста.

Ако во текот на годината се надмине износот на остварен вкупен промет од 2.000.000 денари, даночниот обврзник ја поднесува пријавата најдоцна до 15 во месецот, кој следи по месецот кога е остварен прометот.

Надлежниот даночен орган може да одбие да го регистрира даночниот обврзник кој започнува да врши дејност и даночниот обврзник кој доброволно се пријавил за регистрација, доколку:

а) не може да се најде на пријавената адреса и на адресата за вршење на деловни активности;

б) не може да ја докаже реалната намера да врши дејност или

в) кај даночниот обврзник претходно е идентификувано даночно затајување.

Надлежниот даночен орган го врши уписот во регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност од почетокот на тековната календарска година и притоа им издава на даночните обврзници решение. Ако даночниот обврзник започнал да ја врши својата дејност во текот на календарската година, регистрацијата се врши со започнувањето на вршењето на дејноста.

Под **започнување на вршење на дејноста** се подразбира, првото вршење на активност на даночниот обврзник, како прва извршена набавка на добра (основни средства, трговска стока и друго), користена услуга (закуп, истражување на пазар и друго) и извршен промет на добра или услуга. Ако во текот на годината даночниот обврзник го надмине износот на остварен вкупен промет од 2.000.000 денари, регистрацијата се врши по истекот на месецот кога е остварен прометот.

Во случаите заради сопственичка, организациска или управувачка поврзаност, надлежниот даночен орган врши упис во регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност, веднаш по утврдувањето.

### *2.2. Дерегистрација*

Даночните обврзници доброволно регистрирани или врз основа на остварен промет, остануваат регистрирани најмалку во рок од три календарски години, независно од висината на вкупниот промет.

#### *2.2.1. Дерегистрација ако во III-та година има промет под 2 милиони МКД*

Доколку вкупниот промет во третата календарска година не го надминува износот од 2.000.000, даночниот обврзник може по истекот на рокот да поднесе пријава за отповикување на регистрацијата за данок на додадена вредност до надлежниот даночен орган, кој му издава решение за бришење од регистарот на обврзници за данокот на додадена вредност.

Прекинувањето на регистрацијата може да се оствари во покус рок од три календарски години, а со донесување на решение од надлежниот даночен орган.

Надлежниот даночен орган може да изврши прекинување на регистрацијата кога:

а) во претходната календарска година даночниот обврзник поднесува даночни пријави без искажување на данок за извршен промет и без искажување претходен данок за одбивање;

б) во двете претходни календарски години даночниот обврзник поднесува даночни пријави без искажување на данок за извршен промет, со исклучок на случаите кога во истите периоди во даночните пријави искажува само промет ослободен од данок со право на одбивка или претходен данок кој произлегува од промет на инвестициони добра, извршен кон даночниот обврзник или увезени од него;

в) даночниот обврзник не може да се најде на пријавената адреса и на адресата за вршење на деловни активности;

г) даночниот обврзник не поднесува даночна пријава и тоа најмалку два даночни периоди, кај месечните и тримесечните даночни обврзници;

д) кај даночниот обврзник претходно е идентификувано даночно затајување;

ѓ) се врши консолидирање на даночни обврзници заради нивната сопственичка, организациска или управувачка поврзаност.

Пријавата за престанок на регистрацијата за данокот на додадена вредност, даночните обврзници ја поднесуваат најдоцна до 15 јануари во годината од која сакаат да престанат да бидат регистрирани за данокот на додадена вредност.

*2.2.2. Дерегистрација по истек на II-ра година по ред нема над 2 милиони, но и нема претходен ДДВ*

По барање на даночниот обврзник, надлежниот даночен орган ќе изврши прекинување на регистрацијата, кога во секоја од двете претходни календарски години даночниот обврзник поднесува даночни пријави со вкупен промет, кој не го надминува износот од 2.000.000 МКД и во секоја од двете претходни календарски години во даночните пријави, нема искажано претходен данок за одбивање.

## *3. ОДБИВКА НА ПРЕТХОДЕН ДДВ*

Претходен данок, согласно одредбите од **член 33** од Законот е износот за кој се намалува данокот на додадена вредност, што се должи за извршениот промет за одреден даночен период.

Претходниот данок се однесува на:

1. Данокот на додадена вредност за прометот кој е извршен спрема даночниот обврзник од страна на други даночни обврзници;

2. Данокот на додадена вредност за плаќања, кои даночниот обврзник ги извршил за промет во смисол на претходната точка, кој се уште не е извршен спрема него и

3. Данокот на додадена вредност кој е платен за увозот на добра.

Согласно одредбите од **член 34**, правото на одбивка на претходниот ДДВ, од член 33 на Законот за ДДВ, може да се оствари:

1. Ако даночниот обврзник ги употребува набавените или увезените добра, односно примените услуги за цели на неговата стопанска дејност;

2. Врз основа на фактура која е издадена во согласност со член 53 од Законот, или царинска декларација во која е посебно искажан платениот данок за увозот и ако тие доку-менти се евидентирани во книговодството на даночниот обврзник.

Правото на одбивка на претходниот данок настанува во моментот, во кој се исполнети сите услови според член 33 на законот и според став 1 од член 34 (наведени напред).

## *4. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОДБИВКА НА ПРЕТХОДЕН ДДВ*

Даночниот обврзник нема право на одбивка на претходниот данок за:

1. Набавки или увозот на добра и користењето услуги за цели на прометот:

а) ослободен од данок според член 23 на Законот за ДДВ или

б) во странство, кој би бил ослободен од данок според член 23 од законот, ако би се извршувал во земјата;

2. Набавки, производство и увоз на велосипеди, моторни возила со помалку од четири тркала (категодија L), возила за превоз на патници, кои, покрај седиштето на возачот, имаат најмногу до осум седишта и чија најголема маса не надминува 3500 кг (категорија М1), исклучувајќи ги возилата за комбиниран превоз, летала, пловни објекти, како и резервни делови, гориво и потрошен материјал за нив, нивно изнајмување, одржување и поправка и за други услуги поврзани со нивно користење. Ова **не важи** во случаите, кога даночниот обврзник ги користи превозните средства или другите добра во календарската година, исклучиво **за следниве дејности**:

а) промет со наведените превозни средства и други средства;

б) изнајмување на наведените превозни средства;

в) превоз со наведените превозни средства;

г) обука на возачи со нив и

д) одржување и поправка на наведените превозни средства и други добра;

3. Расходи за репрезентација на претпријатието или на сопственикот (гостење, подароци, одмор, рекреација и разонода);

4. Набавки или увоз на фрижидери, аудио и видео апарати, теписи и уметнички предмети со кои ги опремуваат своите административни простории;

5. Издатоци за превоз на лица;

6. Издатоци за сместување во хотели или слични објекти за исхрана и

7. Данокот на додадена вредност кој го должи издавачот на фактурата според член 55 став 1 или 2 на законот, односно данокот во фактури од страна на нерегистрирани даночни обврзници.

## *5. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ ДЕРЕГИСТРАЦИЈА*

Согласно одредбите од член 51-а од Законот, надлежниот даночен орган по пријавата за регистрација за данок на додадена вредност или пријавата за отповикување на регистрацијата за данок на додадена вредност, согласно со членот 51 став (7), (8) и (13) од законот донесува решение **во рок од 15 дена** од денот на поднесувањето на пријавата.

По приемот на Решението за дерегистрација, даночниот обврзник не пресметува ДДВ за излезниот промет и не врши одбивка на претходен ДДВ од влезните документи за прометот извршен од другите субјекти спрема него, од денот на приемот на Решението.

Под оваа точка се опфатени обврските и проблематиката за ДДВ од залихите, а за инвестиционите добра при дерегистрација види точка 10 и точка 10.1 од овој текст.

### *5.1. Меѓупериод и член 32-а од ПДО*

Согласно одредбите од член 32-а, нерегистрираниот ДДВ обврзник не може да учествува во промет кој е со пренесена ДДВ обврска (ПДО).

Наведениот проблем е изразен и за периодот од 01.01.2025 до денот на приемот на Решението за ДДВ обврзник.

Издавањето на фактури по член 32-а за пренесена ДДВ обврска и пополнувањето на ДДВ-ИПДО во склоп на електронската ДДВ-04, дава повратно известување за промет кој треба да се оданочи со ДДВ и не е дозволено пренесување на ДДВ обврска кон нерегистриран ДДВ обврзник.

Проблемот се појавува затоа што ДДВ-04 се поднесува со ИПДО спецификацијата до 25-ти наредниот месец во кој период во системот на УЈП е внесено Решението за дерегистрација.

Неизбежна е корекцијата на ДДВ пријавите за прометот од 01.01.2025 година до денот на приемот на Решението за ДДВ, за делот од ДДВ кој се презентира во ДДВ-ИПДО.

Зголемувањето на ДДВ обврската и корекцијата на ДДВ пријавата се однесува за вршителот на прометот, за прометот од договор за градба или продажба на отпаден материјал, согласно член 32-а од Законот.

### *5.2. Исправка на добивката на претходниот ДДВ содржан во залихите на ден на прием на Решение за дерегистрација*

Согласно одредбите од член 40 став 3 од Законот за ДДВ, ако за целите на оданочување биле решавачки околностите од одредена календарска година, кои можат да се утврдат само привремено во текот на таа календарска година, во тој случај даночниот обврзник е должен да изврши конечна пресметка на даноците во даночната пријава за последниот даночен период од таа календарска година.

Правото на одбивка на претходниот ДДВ извршено при набавката на добрата за кои е одбиен ДДВ и истите се на залиха на денот на дерегистрација, наметнуваат обврска за пресметка на ДДВ и корекција на износот во последната ДДВ пријава на АОП 30, за делот на претходниот ДДВ содржан во залихите.

Прометот на добрата кои се затекнати на залиха од ден на прием на решението, ќе се извршува без ДДВ, поради дерегистрацијата на ДДВ обврзникот. Исправката на претходниот ДДВ се врши со датумот на приемот на Решението за дерегистрација, заради прометот направен до тој датум.

Одбиениот ДДВ за прометот што е направен од 01.01.2025 до датумот на прием на решението за дерегистрација како претходен ДДВ, се корегира само за непродадените залихи со состојба на ден на прием на решението.

### *5.3. Оданочување на прометот од 01.01.2025 до денот на приемот на решението*

Прометот направен од 01.01.2025 година до ден на приемот на решението, даночниот обврзник го должи согласно Законот за ДДВ и истиот е обврзан да го плати спрема буџетот на РСМ.

Прометот го опфаќа прометот направен по фактури и фискални сметки издадени од страна на даночниот обврзник кој е предмет на дерегистрација.

Дерегистрацијата за ДДВ за наведениот промет остварен до ден на приемот на Решението за дерегистрација не го исклучува правото на одбивка кај примателот на прометот, затоа што станува збор за меѓупериод, но даночниот обврзник кој е предмет на дерегистрација задолжително го пресметува и плаќа ДДВ-то за прометот извршен во меѓупериодот.

Пресметувањето на данокот на додадена вредност за меѓупериодот до приемот на решението задолжително се пресметува и искажува согласно начинот на пресметка и пропишаните стапки од 5, 10 и 18%.

Самото искажување на прометот на последно поднесената ДДВ пријава за 2024 година согласно член 40 став 3 од Законот, се врши на поле АОП 30. Иако прометот збирно се искажува тој треба да биде пресметан согласно пропишаните стапки и одредбите од Законот.

УЈП дава олеснителна околност на странките да може да се плати данокот и во 2025 година, по приемот на решението за дерегистрација, без да се врши корекција на последно поднесената пријава за 2024 година.

## *6. ИСПРАВКА НА ОДБИВКАТА НА ПРЕТХОДЕН ДДВ*

Покрај исправка на одбивката, која се врши при дерегистрација, Законот за ДДВ пропишува и исправката на одбивката за инвестициски добра.

Согласно одредбите од член 37 на Законот за ДДВ, исправка на одбивка на претходниот ДДВ (кој бил одбиен при влезни исполнувања), се извршува доколку дојде до промена на околностите, според кои се извршила одбивката на претходниот ДДВ.

Доколку кај одредено инвестиционо средство се променат околностите кои во календарската година на прва употреба, биле одлучувачки за одобрување на претходниот данок и доколку промената настапи во рок од **пет години** од почетокот на употребата на средството, во тој случај се врши порамнување за секоја календарска година на промена преку исправка на одбивката на претходниот данок, кој отпаѓа на трошоците за негова набавка или производство.

За недвижности, рокот изнесува **десет години**. Кај определени инвестициони добра со пократок период на амортизација, се применува пократок период на исправка, според периодот на амортизација, кој е вообичаен за соодветното инвестиционо добро.

Измена на околностите постои и ако даночниот обврзник го оттуѓил или пренаменил за сопствена потрошувачка, се уште наменски подобното инвестиционо средство, пред истекот на соодветниот рок за исправка и доколку оттуѓувањето или сопствената потрошувачка можат поинаку да се оценат за цели на претходниот данок, отколку употребата во првата календарска година.

Исправката се врши така, што ќе се смета дека инвестиционото добро се користело во периодот од оттуѓувањето или самопотрошувачката до истекот на соодветниот рок за исправка и натаму за стопанската дејност на даночниот обврзник, според соодветните променети околности.

## *7. ИСПРАВКА КАЈ ИНВЕСТИЦИСКИ ДОБРА НАБАВЕНИ ПРЕД 5 ИЛИ 10 ГОДИНИ*

Ако инвестициското добро се оттуѓува во текот на пропишаниот период на исправка или се пренамени за лични цели, преотстапи без надомест, односно преземе како ликвидационен остаток, исправката за календарската година на оттуѓување или пренамена и за следните, се врши со самата пресметка на данокот за даночниот период, во кој било извршено оттуѓувањето или пренамената.

Правото на одбивка на претходниот данок, при набавка на основни средства, го определуваат околностите кои постојат во календарската година на првата употреба. Кај инвестициски добра, кои даночниот обврзник ги користи подолго од календарската година на првата употреба, за реализација на промет, се врши исправка на одбивката на претходниот данок, според член 37 од Законот за ДДВ, ***доколку се променат околностите во следните години***.

Исправка на одбивка на претходен данок се врши само кај инвестициски добра кои даночниот обврзник ги набавил или произвел пред 5 години (за подвижни) и 10 години (недвижни) добра (член 61 став 2 од Законот за ДДВ). Притоа, се врши исправка на одбивката на претходниот данок **за** оние **календарски години, во кои се промениле околностите** наспроти календарската година на првата употреба.

При исправка на одбивката на претходниот данок се поаѓа од целокупниот износ на претходниот данок, кој отпаѓа на набавката или на производството на инвестициското добро.

### *8. ПРОМЕНА НА ОКОЛНОСТИ*

Промена на околностите меродавна за одбивката на претходниот данок, постои, кога во календарските години кои следат по годината на првата примена, ќе се појави повисок или понизок претходен данок за одбивање, отколку што било тоа случај во календарската година на првата примена. Оттука, исправката на одбивката на претходниот данок, може да влијае или во полза или на штета на даночниот обврзник.

***НАПОМЕНА:*** **Околностите во поединечните календарски години, се оценуваат одвоено и секоја за себе.**

Ако се променат околностите кај одредено инвестициско добро, кои биле меродавни за остварување на правото на одбивка на претходниот данок во календарската година на првата употреба на доброто, се врши поделба според член 36 од Законот за ДДВ на претходниот данок во таа година, кој настанал при набавката или производството на инвестициското добро. Во тој случај, исправката на претходниот данок според условите од член 37 се врши само за годините кои следат.

**Пример:** Даночен обврзник купува на 01.01.2020 година деловни простории. Во продажната цена е содржан ДДВ во висина од 1,2 милиони денари. Од 01.04 до 30.09.2020 година, даночниот обврзник ги користи просториите за цели на неговата трговска дејност. После 01.10.2020 година, тој ги користи просториите за цели на неговата новоотворена забарска ординација.

За годината 2020 се врши поделба на претходниот данок според член 36 од Законот за ДДВ. Деловните простории биле користени шест месеци за вршење дејност, која го обезбедува правото на одбивка на претходниот данок и три месеци за дејност, која го исклучува правото на одбивка (член 35 точка 1 од Законот за ДДВ). Следствено на тоа, претходниот данок се дели во согласност со временскиот удел на видовите на намена на просториите за годината 2020 и истиот може да се одбие во висина од 800.000 денари (6/9 од 1,2 милиони денари). Од годината 2021  се врши исправка на претходниот данок според член 37 од Законот за ДДВ. Во годините 2021 до 2029 се врши исправка на секоја 1/10 (80.000 денари) од износот на претходниот данок одбиен во 2020 година. Во годината 2030, периодот на исправка истекува на 31 март. За овој период (2030), се утврдува износ за исправка од 20.000 денари (3/12 од 80.000 денари).

Промена на околностите може да настапи и при продажба или користење на добрата за лични цели. Притоа, продажбата и користењето на добрата за лични цели се оценуваат на начин, како да било користено инвестициското добро до крајот на меродавниот период на исправка и понатаму за цели на стопанската дејност на даночниот обврзник, согласно со даночно – правниот третман на дадениот промет.

Меродавниот период на исправка за инвестициското добро (доколку процесот на исправка е отпочнат кај преотстапувачот) со преносот не се прекинува и истиот важи и понатаму за стекнувачот на имотот, доколку при преземањето се преземаат и основни средства кај кои постоела исправка на одбивка. Наведеното значи дека ако отстапувачот вршел исправка на одбивката, преземачот продолжува со истата, затоа што истиот стапува на местото на отстапувачот. Исто така ако периодот на исправка од 5 т.е. 10 години не е истечен до денот на преземањето, истиот истекува (и продолжува да тече) кај преземачот.

## *9. ПЕРИОД НА ИСПРАВКА*

Периодот, за кој се врши исправка на одбивката на претходниот данок, изнесува начелно **пет** години по почетокот на намената. Кај **недвижностите**, периодот се зголемува на **десет** години. Кај инвестициски добра со пократок период на амортизација, меродавен е соодветниот пократок период на исправка. Прашањето, дали се применува пократок период на исправка, се оценува според периодот на амортизација, кој е вообичаен за соодветното инвестициско добро.

Ако одредено инвестициско добро (на пример градежен објект) се користи во зависност од фазата на изградба и пред завршувањето на изградбата, за секој одделно користен дел од инвестициското добро, се утврдува посебен период на исправка. Поединечните периоди на исправка, започнуваат да течат, откако соодветниот дел од инветициското добро бил првпат употребуван.

**Пример:** Даночен обврзник гради објект во периодот од 2020 до 2022 година. Приземјето е изградено на 31.03.2020 година и се изнајмува со почеток од 01.04.2020 година. Првиот кат е изграден на 30.09.2021 година и се изнајмува со почеток од 01.11.2021 година.

Бидејќи изградбата на поединечните катови е завршена во различни моменти и бидејќи истите започнале да се користат во различни моменти, за секој кат почнува да тече посебен период на исправка.

Периодот на исправка за приземјето, започнува да тече од 01.04.2021 година и трае до 31.03.2031 година, додека за првиот кат од објектот периодот на исправка започнува да тече на 01.11.2022 година и трае до 31.10.2032 година.

Ако одредено финализирано инвестициско добро, биде користено само делумно или нецелосно, во тој случај за целото инвестициско добро **важи еден единствен период на исправка**, кој започнува со првата примена на инвестициското добро.

Ако одредено инвестициско добро, стане неупотребливо, пред истек на периодот на исправка, овој период завршува во моментот во кој инвестициското добро станало неупотребливо.

## *10. ПОСТАПКА НА ИСПРАВКА НА ОДБИВКАТА*

Исправката на одбивката на претходниот данок се врши во соодветниот аконтативен и даночен период, во кој се промениле околностите, кои биле меродавни за одобрување на правото на одбивка на претходните даноци. Притоа, не се врши измена на утврдениот данок за даночниот период на првата намена. Ако периодот на исправка истекува во рамките на одреден даночен период, за последниот даночен период не се зема целокупниот годишен удел на претходните даноци, туку за основа на исправката се зема само делот кој одговара на соодветните календарски месеци.

Исправката на одбивката на претходниот данок се пријавува во секоја од аконтативните и ДДВ-пријави од периодот на исправка, при што во аконтативните ДДВ - пријави годишниот износ на исправка се утврдува на ниво на соодветниот пресметковен период (месец или тримесечје).

Мали претприемачи (нерегистиррани за ДДВ) во смисол на член 51 од Законот за ДДВ, немаат право на одбивка на претходните даноци. Ако за наведениот даночен обврзник, настане обврската за регистрација во подоцнежна календарска година или ако истиот доброволно се регистрира, тоа нема да претставува промена на околностите во смисла на член 37 од Законот за ДДВ. Претходните даноци кои настанале при набавката или производството на инвестициски добра во периодот во кој даночниот обврзник бил мал претприемач, во смисол на член 51 од Законот за ДДВ, ***не можат*** да се одбијат по пат на исправка на претходниот данок.

### *10.1. Исправка на одбивка при прекинување на регистрација за ДДВ*

Промена на околностите во смисла на член 37 од Законот за ДДВ постои, кога даночниот обврзник, кој бил обврзан за регистрација или се регистрирал доброволно, ќе премине во системот на неоданочување, според член 51 од Законот за ДДВ. Во овој случај се врши исправка на претходните даноци за сите инвестициски добра, за кои се уште не завршил соодветниот период на исправка.

**Пример 1:** Одреден даночен обврзник е обврзан за регистрација за цели на данокот на додадена вредност, бидејќи неговиот севкупен промет во 2021 година го надминал износот од 2.000.000 денари. На 02.01.2022 година лицето купува машина и врши одбивка на претходниот данок во висина од 60.000 денари. Бидејќи неговиот севкупен промет во 2024 година не изнесува повеќе од 2.000.000 денари, лицето е дерегистрирано од надлежниот даночен орган, со одјава од регистарот на даночни обврзници, за цели на данокот на додадена вредност.

Бидејќи даночниот обврзник е мал претприемач во смисол на член 51 од Законот за ДДВ од 2021 година, постои промена на околностите според член 37 од Законот за ДДВ. Имено, две години од петгодишниот период на исправка се уште не изминале. Даночниот обврзник е должен за 2025 и 2026 година да врати по 1/5 од порано одбиениот претходен данок (1/5 = 12.000 денари).

Доколку правото на одбивка на претходниот данок било исклучено според член 35 од Законот за ДДВ, во календарската година на првата употреба на инвестициското добро и доколку исправката во подоцнежна календарска година доведе до прва одбивка на претходниот данок, за основа на исправката можат да се земат само оние претходни даноци кај кои се исполнети условите од членовите 33 и 34 од Законот за ДДВ. Претходните даноци кај кои не е можна одбивка, бидејќи не постои уредна фактура или уреден царински документ за увозот, не можат да бидат вклучени во исправката. Ако даночниот обврзник не го подредил инвестициското добро, набавката или производството кон полето на негово стопанско делување, исправката на претходните даноци не е можна ни во случаи кога инвестициското добро подоцна ќе биде користено за цели на стопанска дејност.

**Пример 2:** Даночен обврзник стекнува работна маса на 20.06.2023 година, која неговата ќерка ја користела за лични цели. Од 10.02.2024 година, даночниот обврзник ја користи работната маса исклучиво за цели на неговата стопанска дејност.

Работната маса била набавена за лични цели. Подоцнежната намена за цели на стопанската дејност не му дава право на даночниот обврзник, ниту на дополнителна исправка на одбивката на претходниот данок, ниту на исправката на претходниот данок.

Мали претприемачи (нерегистриран ДДВ обврзник) во смисла на член 51 став 3 од Законот за ДДВ, немаат право на одбивка на претходните даноци. Ако за наведениот даночен обврзник настане обврската за регистрација во подоцнежна календарска година или ако истиот доброволно се регистрира, тоа нема да претставува промена на околностите во смисла на член 37 од Законот за ДДВ. Претходните даноци кои настанале при набавката или производството на инвестициски добра во периодот во кој даночниот обврзник бил мал претприемач во смисла на член 51 став 3 од Законот за ДДВ, не можат да се одбијат по пат на исправка на претходниот данок.

Промена на околностите во смисла на член 37 од Законот за ДДВ постои, кога даночниот обврзник, кој бил обврзан за регистрација или се регистрирал доброволно, ќе премине во системот на неоданочување според член 51 став 3 од Законот за ДДВ. Во овој случај се врши исправка на претходните даноци за сите инвестициски добра, за кои се уште не завршил соодветниот период на исправка.

**Пример 3:** Исправка на одбивката на претходниот данок за недвижност;

ДДВ обврзник купил на 1 јуни 2022 година, деловни простории по цена од 40.000.000 денари, плус припаѓачкиот ДДВ (7.200.000) или вкупно за 47.200.000 денари.

Од 1 Јуни 2022 до 30 Јуни 2024 година, просторот е користен за вршењето на стопанската дејност која носи право на одбивка на претходниот данок.

Од 1 Јули 2024 година, отпочнува во истите деловни простории (дотогаш користени за вршењето на стопанската дејност) да врши дејност без право на одбивка на претходниот ДДВ.

**Исправка на одбивката**

| Год. | Исправка на одбив-ката на купениот деловен простор | Пода-тоци | Реално право на одбивка | Износ на исправка на од-бивката | Износ на исправка на од-бивката за месе-чен ДДВ обврзник | Износ на исправка на одбив-ката за квартален ДДВ об-врзник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Xx | ДДВ е иско-ристен за одбивка со првата аконтативна пријава из-вршена по набавката | 7.200.000 | / | / | / | / |
| Xx | Десетина од вкупниот ДДВ | 720.000 | / | / | / | / |
| 2022 | Број на месеци од иницијал-ната година (2022) на набавка за кои не се губи право на одбивка | 6 | 360.000 | / | / | / |
| 2023 | Број на го-дини (2023) за кои не се губи право на одбивка | 1 | 720.000 | / | / | / |
| 2024 | Број на месеци во 2024 во кои не се губи право на одбивка | 6 | 360.000 | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 | Број на месеци во 2024 без право на одбивка | 6 | / | 360.000 | 6 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2025 | Цела година без право на одбивка (2025) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2026 | Цела година без право на одбивка (2026) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2027 | Цела година без право на одбивка (2027) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2028 | Цела година без право на одбивка (2028) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2029 | Цела година без право на одбивка (2029) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2030 | Цела година без право на одбивка (2030) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2031 | Цела година без право на одбивка (2031) | / | / | 720.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| 2032 | Остаток од последната година на исправката (2032) | 6 | / | 360.000 | 12 x 60.000 | 4 x 180.000 |
| | | **Вкупно:** | **1.440.000** | **5.760.000** | | |

Исправка на одбивката се врши на месечно/квартално, зависно од даночниот период на ДДВ обврзникот, на начин прикажан преку пресметката на вкупната исправка за инвестиционото добро.

# НЕСТОПАНСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА*

***Условите и начинот за извршувањето на Буџетот на РМ за 2025 година се објавени во „Службен весник на РС Македонија"254/2024, со примена од 01.01.2025 година.***

### *ВОВЕД*

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот, да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници, должни се да го контролираат наменското и законитото користење на средствата, со кои располагаат единките корисници и не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

Техниката на наплата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите, ги пропишува министерот за финансии.

Заради надминувањето на недоречени барања и субјективни толкувања, сите субјекти - корисници на буџетски средства, се должни да се придржуваат на условите, роковите, износите и намената на средствата предвидени со Законот.

Буџетот и употребата на средствата од буџетот за намените и целите кои однапред се определени, се утврдуваат на годишно ниво во рамките на Законот за извршување на буџетот.

Согласно член 6 од Законот за Извршување на Буџетот *(во натамошниот текст ЗИБ*), буџетските корисници од Централната власт, ***можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот,*** до трезорот при Министерството за финансии, достават Годишен финансиски план **по квартали**, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, должни се до секоја единка корисник***, во рок од пет дена*** од денот на донесувањето на Буџетот, да доставаат ***Извадок од годишниот финансиски план*** по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата, наменети за одделните единки корисници.

### *1.1. Изработка на финансиски план*

***Врз основа на извадокот од годишниот финансиски план, единките корисници изготвуваат свој финансиски план*** по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план, го доставува до Министерството за финансии, ***во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.***

Во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт***, можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали***, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи, кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото потребно е да се достават образложение и ревидиран годишен финансиски план, по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт, изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и по ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна ***пет дена*** пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници на Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до Трезорот при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници***.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од Централната власт можат да достават ***Барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки***, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел ***090.02 – Министерство за финансии – функција на државата, се користат без одобрување на финансиски план.***

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања, одобрува средства од раздел ***090.02- Министерство за финансии – Функции на државата на друг буџетски корисник,*** средства се одобруваат како финансиски план ***(право на трошење***), во разделот на буџетскиот корисник.

## *2. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ*

### *2.1. Исплата на плати*

Согласно член 8 од ЗИБ, исплатата на плати на буџетските корисници од Централната власт и Единките корисници, ***ја одобрува Министерството за финансии.***

Буџетските корисници од централната власт и единките корисници, ***се задолжени два дена пред исплатата на плати*** до Министерството за финансии, ***да доставаат Барање за одобрување на средства за плати, кон кое ќе ги приложат Образец Ф-1 за бројот на вработените,*** по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци, предвидени во образецот во пишана и електронска верзија ***(на ЦД, електронска пошта и друго***), за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници, се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат ***Образец М-1.***

***2.2. Надоместоци од плата***

Согласно члкен 9 од ЗИБ, вработените во буџетските корисници од централната власт имаат право на додаток на плата **во висина до 30%** од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена.

**Правото на додаток на плата ќе се остварува почнувајќи со исплатата на платата за месец Март.**

Додатокот на плата, **не се исплаќа** на вработените во буџетскиот корисник од централната власт на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници, утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Вработените во буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош **ИПА, имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата**.

Вработените во буџетскиот корисник кој е надлежен за извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој и спроведување на мерките за државна помош во земјоделството, имаат право на додаток на плата **во висина од 15% од износот на основната плата**, **доколку истите не го остваруваат правото на додаток на плата**.

***2.3. Надоместоци од плата***

Во Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година, ***предвидени се следните надоместоци од плата и тоа:***

- **Надоместок на трошоци за одвоен живот (*за избрани и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници);***
- **Надоместок за закупнина на стан, во случај да не користи службен стан;**
- **Надоместок за селидбени трошоци;**
- **Надоместок во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци;**

- **Надоместок за отпремнина при заминување на работник во пензија;**
- **Надоместок во случај на смрт на вработен или член на семејство.**

Во Законот за извршување на Буџетот за 2024 година, **не е предвидено, да се исплатува:**

- **Дневници за службени патувања во земјата;**
- **Надомест за теренски додаток;**
- **Надомест за регрес за годишен одмор;**
- **Надомест за јубилејни награди;**
- **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели.**

### *2.3.1. Надоместок на одвоен живот*

Согласно член 11 од ЗИБ, на избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници, од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување, *им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството,* ***во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во РСМ во претход-ните три месеца.***

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата, кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во орган на управата, надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот, во кој имаат засновано работен однос, ***не живеат со нивното семејство***.

***Надоместокот за одвоен живот, не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.***

На избраните и именуваните функционери, кај буџетските корисници од централната власт и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.

### *2.3.2. Надоместок за користење на службен стан*

Согласно член 12 од ЗИБ, на лицата на кои им следува правото на користење на службен стан, согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден**, *имаат право на надоместок за закупнина на стан*.**

Владата на Република Македонија со Одлука ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

***Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.***

Одредби за надоместок за одвоен живот и користење на службен стан, ***се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи***, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

> ***НАПОМЕНА: За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа, по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот не се исплатува.***

### *2.3.3. Надоместок за селидбени трошоци*

Согласно член 15 од ЗИБ, ***надоместокот за селидбени трошоци,*** на лица на кои им следува право на користење на службен стан, ***се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината***.

> ***НАПОМЕНА: Надоместокот за селидбени трошоци не следува, доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.***

### *2.3.4. Надоместок за непрекинато боледување*

Согласно член 16 од ЗИБ, во случај на непрекинато боледување ***подолго од шест месеци***, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош ***во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот, каде што е вработен.***

### *2.3.5. Отпремнина за заминување на работник во пензија*

Согласно член 17 од Законот, во случај на ***заминување на работникот во пензија,*** му се исплатува ***двократен износ*** за отпремнина, пресметан врз основа на ***просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.***

### *2.3.6. Надоместок во случај на смрт на работник или член на семејство*

Согласно член 18 од ЗИБ, ***во случај на смрт на вработен***, на неговото семејство му припаѓа парична помош ***во висина од двократен износ*** на **просечна месечна нето плата по работник во РС Македонија, објавена до денот на исплатата**.

Во случај на ***смрт на член од потесното семејство*** на вработениот (***родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување***), му припаѓа парична помош ***во висина од*** **една просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.**

Овие надоместоци се исплатуваат по претходно доставено **БАРАЊЕ** со комплетирана документација во годината на настанување на смртта, односно во годината, која следи по годината на настанување на смртта.

За работниците ***ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања***, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, ***а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.***

> **НАПОМЕНА*: Буџетските корисници сите НАВЕДЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА, ги исплаќаат од одобрените средства со Буџетот.***

### *2.3.7. Законски одредби за остварувањето на правото на надоместоците од плата*

Правото на остварување на надоместоците од плата поврзани со работа, покрај што е регулирано со Законот за Извршување на Буџетот, кај вработените во Јавниот сектор е регулирано и во повеке законски прописи, **кои пропишуваат различни видови на надоместоци, кои во одделни законски прописи не се спомнати или се укинати.**

Независно што одделни законски решенија предвидуваат повеќе видови надоместоци, сепак треба да се има предвид **содржината на одобрениот буџет на буџетскиот корисник, дали во истиот се планирани и одобрени таков вид на исплати.**

При планирањето и исплатата на надоместоците поврзани со работата, се поставува прашањето дали тие се

предвидени со законската регулатива и дали се планирани при формирање на Буџетот на буџетскиот корисник.

**Преглед на надоместоци предвидени во одредни Законски прописи и надоместоци кои не се предвидени во други Законски прописи, независно што се пропишани и предвидени во поголем дел од Законската регулатива:**

| Вид надоместок | Закон за Извршување на Буџетот за 2025 година | Закон за Работни односи | Закон за Административни службеници | Општ колективен договор за јавен сектор | Гранскиот КД за Органи на државна управа |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одвоен живот** | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Не е предвиден |
| **Користење на службен стан** | Предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден |
| **Селидбени трошоци** | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Непрекинато боледување подолго од 6 месеци** | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Парична по-мош за смрт на вработен** | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Помош за смрт на член на семејство** | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели** | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Не е предвиден |
| **Работа на терен** | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Отпремнина за пензија** | Предвиден | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Не е предвиден |
| **Јубилејни награди** | Не е предвиден | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Не е предвиден |
| **Надомест за штети од елементарни непогоди** | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е пред-виден | Предвиден |
| **Дневници во земјата и странство** | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Регрес за годишен одмор** | Не е предвиден | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден |

### *3. ВРАБОТУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНИО И НЕОПРЕДЕЛЕМО ВРЕМЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИК ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА*

Согласно член 20 од ЗИБ, **буџетските корисници и Единките корисници** на средства од Буџетот на РС Македонија, **Јавните претпријатија, Агенции и Јавно-правните субјекти** основани од централната власт, како и **Трговските друштва** основани од РС Македонија**, освен** независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, ***можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи,*** **само под услов, ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на РС Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.**

Министерството за финансии ***во рок од 30 дена*** од денот на приемот на барањето за пополнување на работно место, ***писмено ги известува субјектите*** за обезбедените финансиски средства за пополнување на работното место, преку постапка за вработување, унапредување или преземање на вработени, помеѓу институциите од јавниот сектор.

Раководителот на правниот субјект е одговорен за осигурување дека за пополнување на работното место, преку постапка за вработување, има обезбедено финансиски средства за тековната година.

***За пополнување на работно место,*** преку мобилност со постапка за распоредување во рамките на буџетскиот корисник или единка корисник и за пополнување на работно место преку мобилност, со постапка за преземање помеѓу единки корисници, кои се во надлежност на ист буџетски корисник, согласност дава раководителот на буџетскиот корисник, врз основа на обезбедените буџетски средства во масата на плати.

Буџетските корисници, доставуваат барање за добивање на известување **од Министерството за Финансии,** за обезбедени финансиски средства за пополнување на работно место, преку вработување на неопределено време, во рамките на единките корисници, кои се во нивна надлежност по претходно извршена анализа за оправданоста на барањето за вработување и само доколку станува збор за работно место, кое е неопходно за вршење на основната дејност на единката корисник.

**При доставување на барање** за вработување во единки корисници, јавни претпријатија, агенции и јавно-правни субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од РС Македонија, ***раководителот на правниот субјект, доставува Табеларен преглед, кој содржи податоци за***:

- **Број на вработени со состојба 31 декември во последните три години,**
- **Планирани средства во масата на плати,**
- **Исплатени средства од масата на плати до моментот на поднесување на барањето за вработување,**
- **Потребни средства за исплата на плата до крајот на годината за постојните вработени,**
- **Потребни средства за нереализираните вработувања за кои има издадено претходно известување за обезбедени финансиски средства и**
- **Потребни средства за бараниот број на нови вработувања до крајот на годината.**

Раководителот на правниот субјект ***во прилог на барањето доставува и потпишана изјава*** со која потврдува дека во рамките на масата на плати, има обезбедено средства за бараните вработувања.

При доставување на барањето, за пополнување на работно место во јавните претпријатија, агенциите и трговските друштва основани од РС Македонија, раководителот на правниот субјект доставува финансиски и други податоци за бараното вработување, како и потпишана изјава за обезбедени средства за реализација на истото во Финансискиот план на правниот субјект за тековната година, одобрен од надлежните органи согласно со закон.

Собранието на РС Македонија за согласност за обезбедени финансиски средства, постапува согласно со Законот за Собранието на РС Македонија.

Фондовите се должни еднаш годишно и при доставување на барање за вработување да приложат табеларен преглед за последно исплатената плата, кој содржи податоци за бројот на постојните вработени по име и презиме, исплатена плата, додатоци и надоместоци на плата. Фондот за здравствено осигурување е должен еднаш годишно и при доставување на барање за вработување кај единка корисник, која е во негова надлежност,

да приложи табеларен преглед за последно исплатената плата, кој содржи податоци за бројот на постојните вработени по име и презиме, исплатена плата, додатоци и надоместоци на плата

### *4. ПРАВО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА*

Согласно член 21 од ЗИБ, вработените во буџетските корисници и единките корисници, ***правото на додаток на плата за прекувремена работа,*** првенствено го остваруваат преку ***користење слободни часови, односно денови,*** колку што биле ангажирани за работата надвор од редовното работно време, доколку во буџетот на буџетскиот корисник или единка корисник не се обезбедени средства за исплата на додаток на плата за прекувремена работа, а со користењето на слободни денови за вработените, не се нарушува редовниот работен процес, во извршувањето на работните задачи.

***Обезбедените средства за оваа намена*** подразбираат дека буџетските корисници и единки корисници, не треба да достават барање за исплата на плата, кое ќе биде поголемо од утврденото месечно право за исплата на плата, односно од обезбедените буџетски средства во масата на плати.

### *5. ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА*

Согласно член 47 од ЗИБ средствата од Буџетот на РС Македонија за наменски и блок – дотации, се пренесуваат на сметките на општините, врз основа на уредби донесени од Владата на РС Македонија во динамика усогласена со Министерството за финансии.

Неискористените средства, општините ги враќаат во Буџетот на РС Македонија, најдоцна до 31 декември/2025 година.

Буџетските корисници кои се обврзани да ***изготват Програми за користење на средства од Буџетот,*** должни се до Владата на Република Македонија да ги достават истите ***во рок од 30 дена,*** од денот на објавувањето на Буџетот во “Службен весник на РМ”.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите ***во рок од 30 дена,*** од денот на доставувањето од страна на Буџетските корисници.

Буџетските корисници до Министерството за финансии ***доставуваат полугодишен и годишен извештај*** за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

### *5.1. Поврат на приходи на Буџетот*

Согласно член 49 од ЗИБ, поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи, ***по кои не е настанато*** правно дејство, како и во случаи кога е остварено право на поврат на уплатени приходи во согласност со законски и подзаконски акти.

***Пренасочувањето на приходите, уплатени во Буџетот се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.***

Повратот, односно пренасочувањето на приходите на Буџетот, освен приходите на ***Управата за јавни приходи*** и приходите на царинската управа, ***се врши со решение на министерот за финансии.***

По исклучок, ***за грешки настанати при вршење на платен промет***, **повратот**, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *5.2. Поврат на приходи на Управа за јавни приходи*

***Поврат, односно пренасочување на приходите,*** за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *5.3. Поврат на приходи на Царинската управа*

Поврат, односно пренасочување на приходите, за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *5.4. Поврат на приходи на органи на државна власт*

Поврат, односно пренасочување на приходи, кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Во постапката за поврат на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за приходи по кои не е настанато правно дејство, ***не се засметува каматата***, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето од овој член, го пропишува министерот за финансии.

### *5.5. Рок за завршување на постапката за поврат*

Согласно член 50 од ЗИБ, рокот за завршување на постапката за поврат, односно пренасочување на приходите, ***не може да биде подолг од 60 дена*** од денот на приемот на барањето за поврат, односно пренасочување на приходите.

***Правото на поврат, односно пренасочување*** на приходите, ***застаруваат во рок од пет години,*** од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Како ден на дознавање, се смета датумот на донесен акт од надлежен орган, согласно со закон или друг соодветен акт со кој е утврдено правото на поврат, односно со кој може да се оствери правото на поврат.

## 6. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ОД ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ

Согласно член 55 од ЗИБ, ***приходите*** остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт, можат да ги користат за намените и во висина на износите, утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до министерството за финансии, ***во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот***.

Буџетските корисници од централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, ***во рок од пет дена*** од денот на донесувањето на Буџетот, ***да достават извод од годишниот финансиски план*** по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот, единките корисници ***изготвуваат свој финансиски план по квартали по сметки, по програми, потпрограми и ставки***, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство и до Министерството за финансии, ***во рок од 25 дена*** од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината, буџетските корисници од централната власт, можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корисници од централната власт да достават образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до Трезорот

при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, за своите единки корисници.***

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на квarталниот финансиски план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки, меѓу расходните ставки, програми и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, се врши со претходна согласност на министерот за финансии.

### *7. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ*

Согласно член 57 од ЗИБ, буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (**ПО 1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1 Образец**).

Начинот на постапување при пријавување на преземените повеќегодишни обврски (**ПО-1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1-Образец**), како и водење евиденција на обврските, ги пропишува министерот за финансии.

### *8. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИ ОД СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ПО ОСНОВ НА ПРАВОСИЛНА НАПЛАТА*

Согласно член 58 од ЗИБ, средствата за исплата по налози за извршување (***решенија за присилна наплата и налози за извршување доставени до Народна банка на Република Македонија***), се извршуваат од ставката ***465 - Исплата по извршени исправи.***

За извршување на налозите за извршување, Министерството за финансии по автоматизам врши пренамена на ставката **465 - Исплата по извршени исправи,** во висина на потребниот износ од другите ставки, каде што има расположливи средства во рамки на буџетот на буџетскиот корисник, освен од ставките за исплата на плати и надоместоци, независно од основот на извршена исправа.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл.правник: Елена Јандриоска*

## *НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ НКД рев.2.1*

***Македонското законодавство во поглед на класификацијата на дејностите е во постојан чекор на усогласување со измените кои се вршат во класификацијата на дејностите во примена во ЕУ. Во таа насока се и последните измени усвоени кај националната класификација на дејностите (НКД).***

### *ВОВЕД*

Националната класификација на дејностите (НКД) е задолжителен национален стандард што ги дефинира активностите и ги класифицира деловните субјекти и деловите од деловните субјекти, а е наменета за употреба во официјални и други административни бази на податоци, за статистички и аналитички потреби во статистичкиот систем на Република Северна Македонија и на меѓународно ниво.

НКД е национална класификација на сите стопански активности во Република Северна Македонија, која е создадена во 1998 година врз основа на тогашната верзија на класификација NACE. Во статистичкиот систем на Република Северна Македонија е воведен со Одлука на Владата на РСМ, објавена во „Службен весник на РМ“ 20/98 и оттогаш редовно се усогласува со европскиот стандард и континуирано се применува во националниот статистички систем. НКД целосно ја следи структурата на NACE до ниво на класа (четирицифрена нумеричка шифра). Од 1 јануари 2008 година, НКД, рев.2. одговара на класификациската верзија на NACE Rev. 2.

## *1. РЕВИЗИЈА НА ЕВРОПСКАТА КЛАСИФИКАЦИЈА NACE*

Класификацијата на активностите требаше да се приспособи кон развојот и структурните промени на економијата, да се измерат новите појави и да се овозможи меѓународна споредливост на податоците, поради што во 2019 година започна процесот на ревизија на европската класификација NACE Rev. 2.

Грижејќи се за промените што настанаа во економските активности од последната ревизија во 2007 година, на европско ниво беше креирана нова верзија на класификацијата – NACE Rev. 2.1. Класификацијата беше прифатена со Делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) 2023/137 и ќе се применува од 1 јануари 2025 година.

Споредувајќи ја класификацијата NACE Rev. 2.1 со класификација NACE Rev. 2, може да се заклучи дека новата класификациска верзија е подетална, бидејќи на најниско ниво има вкупно 651 класа или 36 класи повеќе, во споредба со NACE Rev. 2.

Класите се групирани во 287 групи (15 групи повеќе), групите во 87 оддели (еден оддел помалку) и одделите на највисоко ниво во 22 сектори (еден сектор повеќе).

## *2. ПРИМЕНА НА НОВАТА НКД, РЕВ. 2.1. ОД 1 ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА*

Во согласност со ревидираната верзија на NACE Rev. 2.1 и националните потреби, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, изготви нова класификациска верзија – НКД, рев. 2.1.

Таа е донесена од Владата на Република Северна Македонија со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите, ревизија 2.1. – НКД, рев. 2.1. („Службен весник на Република Северна Македонија", 35/24), која ќе ја замени НКД, рев. 2.

### *2.1. Главни измени во НКД, рев. 2.1. во однос на НКД, рев. 2*

Бидејќи НКД, рев. 2.1. е целосно усогласена со класификацијата на NACE Rev. 2.1, измените на класификацијата НКД, рев. 2.1. во однос на НКД, рев. 2. се идентични до четвртото ниво, односно до ниво на класа.

На најниско ниво има 651 класа, што е за 36 повеќе од претходно.

Групите се класифицирани во 287 групи, 15 повеќе од претходно, има 87 оддели, еден помалку од претходно, а на највисоко ниво има 22 сектори, еден повеќе.

Единствената разлика помеѓу НКД, рев. 2.1. и НКД, рев. 2. е националната поделба на 655 поткласи за потребите на националната економија.

### *2.2. Промени кај НКД*

Се менува досегашниот сектор J/S (Информации и комуникации), кој се дели на два нови сектори: сектор J/S Издаваштво, радиодифузија и дејности за производство и дистрибуција на содржини и сектор К/И Телекомуникации, компјутерско програмирање, консултантски дејности, компјутерска инфраструктура и други информатички дејности.

Реорганизиран е секторот Д/Е Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, на следниот начин: укинати се продажните канали и продажбата е организирана според видот на производот.

Се укинува раздвојувањето на трговијата во продавниците и надвор од продавниците (на интернет, на штандови и сл.). Опсегот на трговијата опфаќа само физичка стока, но не и дигитална.

Се укинува одделот 45 Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли, односно стануваат дел од трговијата на големо и на мало во одделите 46 и 47, а поправката на моторните возила станува дел од областа Т-Други услужни дејности.

Воведена е дефиниција за посреднички услуги поради зголеменото значење на активностите на посредничките услуги и беа создадени класи, низ речиси сите области во рамките на класификацијата, со кои ќе може статистички да се следат нивните активности во следната деценија.

Воведени се поткласи на национално ниво (5-та цифра) со цел следење и подобрување на националната економија.

## *3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА НКД РЕВ.2.1*

### *3.1. Дејност во НКД Рев.2.1*

Под дејност се подразбира комбинација на инпутите во производниот процес како што се природните ресурси, опремата, работната сила, производствените техники, информациските мрежи или посредничките производи, што доведува до создавање на специфични добра или услуги. Така, економската дејност се карактеризира со влезни ресурси (инпути), производствен процес и аутпути (стоки или услуги).

Во праксата, статистичките единици вршат повеќе различни дејности, при што се определува главна, споредна и помошна дејност.

Дејностите на статистичките единици (претпријатие, локална единица и др.) се определуваат на одредено ниво на Класификацијата НКД Рев.2.1, односно единиците се распределуваат според дејностите што ги вршат.

## *4. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГЛАВНА (ПРЕТЕЖНА) ШИФРА НА ДЕЈНОСТ*

**Главна дејност** е дејноста која најмногу придонесува во вкупната **додадена вредност на единицата**. Главната дејност се определува со top-down метод.

**Споредна дејност** е која било друга дејност каде што аутпутот (стоките и услугите) се испорачуваат на трета страна. **Додадената вредност** на споредната дејност мора да биде помала од главната.

Помошни дејности се сите оние дејности кои исклучиво служат за да овозможат поддршка на главната и на споредната дејност во единицата.

За да се определи главната дејност на единицата, треба да биде познат нивниот дел во додадената вредност, но доколку не може да се обезбеди, распределувањето на дејноста се врши и по **други критериуми**:

1. Прв критериум кој се користи врз основа на аутпут:

- бруто-аутпут на единицата кој може да се одреди за стоки и за услуги,

- вредност на продажбата или приходот (прометот) на таа група производи кои припаѓаат на секоја дејност;

2. Втор критериум кој се користи врз основа на инпут:

- плати и надоместоци кои можат да се приклучат кон различни дејности на единицата,

- број на вработени кои вршат различни дејности и времето на работа на вработените кои можат да се приклучат кон различни дејности на единицата.

### 5. РАСПОРЕДУВАЊЕ СО НКД Рев.2.1

Со примената на НКД Рев. 2.1 се овозможува прецизно распределување на статистичките единици според нивната економска дејност, без оглед на сопственоста, правната форма или методите на производство.

Единиците кои вршат иста дејност се класифицираат идентично, без разлика дали се трговски друштва, самостојни извршители или државни субјекти.

Производните единици се распределуваат врз основа на нивната главна економска дејност, без оглед на користените технологии или локацијата на извршување на дејноста. Дополнително, Класификацијата не прави разлика меѓу пазарни и непазарни дејности, при што непазарните услуги се обезбедуваат од страна на државните институции или непрофитните организации, особено во секторите на образованието, здравството и социјалните услуги.

Исто така, Класификацијата ги вклучува и домаќинствата кои произведуваат стоки и услуги за сопствени потреби, доколку се од економски карактер.

### 6. СТРУКТУРА НА НКД РЕВ.2.1

НКД Рев.2.1 е составена од пет хиерархиски нивоа кои се означени на следниот начин:

- сектор - се означува со две букви;
- оддел - се означува со двоцифрена шифра;
- група - се означува со трицифрена шифра;
- класа - се означува со четирицифрена шифра;
- поткласа - се означува со петцифрена шифра.

За разлика од НКД Рев.2 во која најниско ниво беше класа (четирицифрена шифра), во НКД Рев.2.1 најниско ниво е поткласа (петцифрена шифра). Поткласата претставува воведено ниво

за задоволување на националните потреби и со цел податоците да се прикажат на подетално ниво.

Со оглед на тоа што НКД Рев.2.1 е подетална во однос на НКД Рев.2, на ниво на класа има 651 категорија, а на ниво на потکласа 654 категории (НКД Рев.2 на ниво на класа има 615 категории).

Државниот завод за статистика формираше Работна група составена од претставници на релевантни министерства и институции, кои се согласија дека најниското ниво во НКД Рев. 2.1 ќе биде поткласа, овозможувајќи подетално национално расчленување и прецизна категоризација на економските активности.

НКД Рев. 2.1 има 22 сектора, 87 оддели, 287 групи, 651 класа и 654 поткласи.

### *7. СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ ТАБЕЛА*

| **НКД Рев.2** | | **НКД Рев.2.1** | |
|---|---|---|---|
| 01.11 | Одгледување на жита (освен ориз), мешунасти растенија и маслодајно семе | 01.110 | Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња |
| 01.12 | Одгледување на ориз | 01.120 | Одгледување ориз |
| 01.13 | Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.14 | Одгледување на шеќерна трска | 01.140 | Одгледување шеќерна трска |
| 01.15 | Одгледување на тутун | 01.150 | Одгледување тутун |
| 01.16 | Одгледување на растенија за предиво | 01.160 | Одгледување растенија за производство на растителни влакна |
| 01.19 | Одгледување на останати едногодишни насади и посеви | 01.190 | Одгледување други едногодишни насади и посеви |
| | | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.21 | Одгледување на грозје | 01.210 | Одгледување грозје |
| 01.22 | Одгледување на тропско и суптропско овошје | 01.220 | Одгледување тропско и суптропско овошје |
| 01.23 | Одгледување на агруми | 01.230 | Одгледување агруми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01.24 | Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје | 01.240 | Одгледување јаболчесто и коскесто овошје |
| 01.25 | Одгледување на јагодесто, јаткасто и друго овошје | 01.250 | Одгледување јагодесто, јатчесто и друго овошје |
| 01.26 | Одгледување на маслодајни плодови | 01.260 | Одгледување маслодајни плодови |
| 01.27 | Одгледување на растенија за производство на пијалаци | 01.270 | Одгледување растенија за производство на пијалаци |
| 01.28 | Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01.280 | Одгледување зачински, ароматични и лековити растенија и растенија за употреба во фармацијата |
| | | 01.130 | Одгледување зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупчест зеленчук |
| 01.29 | Одгледување на останати повеќегодишни посеви | 01.290 | Одгледување други повеќегодишни посеви |
| 01.30 | Одгледување на саден материјал | 01.300 | Одгледување саден материјал |
| 01.41 | Одгледување на молзни крави | 01.410 | Одгледување молзни крави |
| 01.42 | Одгледување на други говеда и биволи | 01.420 | Одгледување други говеда и биволи |
| | | 01.410 | Одгледување молзни крави |
| 01.43 | Одгледување на коњи и останати сродни животни | 01.430 | Одгледување коњи и останати сродни животни |
| 01.44 | Одгледување на камили и лами | 01.440 | Одгледување камили и останати сродни животни |
| 01.45 | Одгледување на овци и кози | 01.450 | Одгледување овци и кози |
| 01.46 | Одгледување на свињи | 01.460 | Одгледување свињи |
| 01.47 | Одгледување на живина | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.49 | Одгледување на други животни | 01.480 | Одгледување други животни |
| | | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.50 | Мешовито фармерство | 01.500 | Мешовито земјоделство |
| 01.61 | Помошни дејности за одгледување на посеви | 01.610 | Помошни дејности за одгледување посеви |
| 01.62 | Помошни дејности за одгледување на животни | 01.620 | Помошни дејности за одгледување животни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 01.470 | Одгледување живина |
| 01.63 | Дејности кои се извршуваат после собраните посеви | 01.630 | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |
| 01.64 | Доработка на семе | 01.630 | Дејности што се извршуваат по прибирање на посевите и доработка на семето за семенски материјал |
| 01.70 | Лов, траперство и соодветни услужни дејности | 01.700 | Лов, траперство и услужни дејности поврзани со нив |
| 02.10 | Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството | 02.100 | Одгледување шуми и други дејности поврзани со шумарството |
| 02.20 | Искористување на шумите | 02.200 | Сечење дрва |
| 02.30 | Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва | 02.300 | Собирање шумски плодови и производи, освен дрва |
| 02.40 | Помошни услуги во шумарството | 02.400 | Помошни услуги во шумарството |
| 03.11 | Морски риболов | 03.110 | Морски риболов |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.12 | Риболов во слатководни води | 03.120 | Слатководен риболов |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.21 | Морска аквакултура | 03.210 | Морска аквакултура |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 03.22 | Слатководна аквакултура | 03.220 | Слатководна аквакултура |
| | | 01.480 | Одгледување други животни |
| | | 03.300 | Помошни дејности во риболовот и аквакултурата |
| 05.10 | Вадење на камен јаглен | 05.100 | Вадење камен јаглен |
| 05.20 | Вадење на лигнит | 05.200 | Вадење лигнит |
| 06.10 | Вадење на сурова нафта | 06.100 | Вадење сурова нафта |
| 06.20 | Вадење на природен гас | 06.200 | Вадење природен гас |
| 07.10 | Вадење на руди на железо | 07.100 | Вадење руди на железо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 07.21 | Вадење на руди на уран и ториум | 07.210 | Вадење руди на уран и ториум |
| 07.29 | Вадење на други руди на обоени метали | 07.290 | Вадење други руди на обоени метали |
| 08.11 | Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци | 08.110 | Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења |
| 08.12 | Вадење на чакал и песок; глина и каолин | 08.120 | Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| 08.91 | Вадење на хемиски минерали и минерални ѓубрива | 08.910 | Вадење хемиски минерали и минерални ѓубрива |
| 08.92 | Вадење на тресет | 08.920 | Вадење тресет |
| 08.93 | Вадење на сол | 08.930 | Вадење сол |
| 08.99 | Останато рударство и вадење на камен, неспомнато на друго место | 08.990 | Друго рударство и вадење камен, н.д.м. |
| 09.10 | Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас | 09.100 | Помошни дејности за вадење сурова нафта и природен гас |
| 09.90 | Помошни дејности за останатото вадење на руда | 09.900 | Помошни дејности за друго рударство и вадење камен |
| 10.11 | Преработка и конзервирање на месо | 10.110 | Преработка и конзервирање месо, освен месо од живина |
| 10.12 | Преработка и конзервирање на живинско месо | 10.120 | Преработка и конзервирање месо од живина |
| 10.13 | Производство на животинско и живинско месо | 10.130 | Производство на месо и производи од месо од живина |
| 10.20 | Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари | 10.200 | Преработка и конзервирање риба, ракови и мекотели |
| 10.31 | Преработка и конзервирање на компири | 10.310 | Преработка и конзервирање компири |
| 10.32 | Производство на сокови од овошје и зеленчук | 10.320 | Производство на сокови од овошје и зеленчук |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.39 | Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук | 10.390 | Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук |
| 10.41 | Производство на масла и масти | 10.410 | Производство на масла и масти |
| 10.42 | Производство на маргарин и слични масти за јадење | 10.420 | Производство на маргарин и слични масти за јадење |
| 10.51 | Преработка на млеко и производство на сирења | 10.510 | Производство на млечни производи |
| 10.52 | Производство на сладолед | 10.520 | Производство на сладолед и други производи од мраз за јадење |
| 10.61 | Производство на мелнички производи | 10.610 | Производство на мелнички производи |
| 10.62 | Производство на скроб и производи од скроб | 10.620 | Производство на скроб и производи од скроб |
| 10.71 | Производство на леб; слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) | 10.710 | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| 10.72 | Производство на двопек и бисквити; производство на конзервирани слатки и печива | 10.720 | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| 10.73 | Производство на макарони, њоки, кускус и слични тестенини | 10.730 | Производство на тестенини |
| 10.81 | Производство на шеќер | 10.810 | Производство на шеќер |
| 10.82 | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи | 10.820 | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи |
| 10.83 | Преработка на чај и кафе | 10.830 | Преработка на чај и кафе |
| 10.84 | Производство на зачини и други додатоци | 10.840 | Производство на зачини и други додатоци |
| 10.85 | Производство на готови јадења и оброци | 10.850 | Производство на готови јадења и оброци |
| 10.86 | Производство на хомогенизирани | 10.860 | Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | прехранбени препарати и диететска храна | 10.610 | Производство на мелнички производи |
| | | 10.620 | Производство на скроб и производи од скроб |
| | | 10.710 | Производство на леб; производство на свежи печива и слатки |
| | | 10.720 | Производство на двопек, бисквити, производство на трајни печива и слатки |
| | | 10.730 | Производство на тестенини |
| 10.89 | Производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место | 10.890 | Производство на други прехранбени производи, н.д.м. |
| | | 11.070 | Производство на безалкохолни пијалаци и вода во шишиња |
